NATO
OTAN

ПРОМЕНЕТО НАТО

ПРОМЕНЕТО НАТО



Забелешка: Забелешките во оваа публикација за поранешната Југословенска Република Македонија означени со ѕвездичка (*) се однесуваат на следнава фуснота: Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име

СОДРЖИНА

1.	Целта и фундаменталните безбедносни задачи на Алијансата	2
2.	Во срцето на трансатлантското партнерство	6
3.	Зајакнување на одбранбените капацитети	9
4.	Улогата на НАТО силите се менува	12
5.	Проширување на безбедноста преку партнерство	16
6.	Отворање на Алијансата за нови членки	20
7.	Градење на нови односи со Русија	22
8.	Посебно партнерство со Украина	26
9.	Дијалог со медитеранските земји	28
10.	Мировни операции и кризен менаџмент	30
11.	Реакција на вонредни состојби од невоен карактер	34
12.	Соработка во областа на науката и животната средина	36
13.	Како функционира НАТО	40
14.	Промени и континуитет	44

Целта и фундаменталните безбедносни задачи на Алијансата

> 1

Основната цел на Северноатлантската алијанса е да ја брани слободата и безбедноста на сите свои членки во Европа и во Северна Америка, во согласност со принципите на Повелбата на Обединетите нации. За да го постигне ова, Алијансата ги користи своето политичко влијание и своите воени капацитети, во зависност од природата на безбедносните предизвици со коишто се соочуваат нејзините членки. Со промените во стратегиското опкружување се измени и начинот на кој Алијансата реагира на безбедносните предизвици. Таа продолжува да ја чува стабилноста во целиот евроатлантски регион и да еволуира, со цел да одговори на новите закани, како што се тероризмот и другите безбедносни предизвици, надвор од традиционалната област на одговорност.

Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) е една од клучните структури преку кои членките на Алијансата ги реализираат своите безбедносни цели. Тоа е меѓувладина организација во којашто земјите-членки го задржуваат својот полн суверенитет и својата независност и служи како форум во кој заеднички се консултираат и се носат одлуките по прашањата што се однесуваат на нивната безбедност. Структурите на НАТО овозможуваат постојани консултации, координација и соработка меѓу членовите во однос на политичките, економските и другите аспекти на безбедноста, како и соработка на невоен план, односно на полето на науката, информациите, животната средина и помошта при несреќи.

По петте круга проширување, на групата којашто ја сочинуваа 12-те земји-основачи на НАТО (Белгија, Канада, Данска, Франција, Исланд, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Португалија, Обединетото Кралство и САД) и се придружија и Грција и Турција (1952), Германија (1955), Шпанија (1982), Чешка, Унгарија и Полска (1999), а во последниот круг од проширувањето - Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија (2004).

Колективна одбрана

Алијансата работи по принципот според кој безбедноста на секоја земја-членка зависи од безбедноста на сите земји-членки. Доколку безбедноста на која и да е од земјите-членки е во опасност, засегнати се сите земји-членки. Со потпишувањето на Вашингтонскиот договор, основачката повелба на НАТО, сите земји-членки се заложуваат дека ќе го почитуваат овој принцип, споделувајќи ги ризиците и обврските, како и предностите на колективната одбрана. Ова, исто така, значи дека повеќе аспекти во планирањето на одбраната и подготовките кои ги правела секоја од земјите пред да стане членка, сега ќе се прават заедно со другите земји-членки. Заеднички им се и трошоците за обезбедување на условите што се потребни за нивните воени сили да можат да се обучуваат и да работат заедно, на ефективен начин.

Секоја земја останува независна и слободна во однос на своите права да носи сопствени одлуки, но преку заедничкото планирање и споделувањето на ресурсите земјите-членки можат да постигнат ниво на безбедност што е далеку повисоко од кое и да е безбедносно ниво што би го постигнале сами. И натаму фундаментален принцип е принципот на соработка на полето на безбедноста во рамките на НАТО.

Трансатлантската врска

Потпишувањето на Вашингтонскиот договор во 1949 година беше нешто сосема ново. Тој не само што го намали ризикот од надворешна агресија, туку постепено ги зближи главните европски земји кои во минатото честопати беа во војна едни против други. Ова значеше дека веќе не постои ризик од воен конфликт меѓу нив. Имено, тие ќе зависат една од друга, но со споделување на заедничката безбедност тие, исто така, ќе можат многу поефективно да работат заедно во многу други области, во насока на унапредување на нивниот просперитет. Важноста на Вашингтонскиот договор е уште поголема. Тој формираше безбедносно партнерство меѓу европските членки на Алијансата и САД и Канада, создавајќи постојана трансатлантска врска меѓу Европа и Северна Америка.

Трансформацијата на НАТО

Кога се формираше Алијансата, во 1949 година, на Советскиот Сојуз се гледаше како на главна закана по слободата и независноста на Западна Европа. Комунистичката идеологија, политичките

цели и методи и воениот капацитет значеа дека - без оглед на тоа какви биле вистинските намери на Советскиот Сојуз - ниту една западна влада не може да си дозволи да ја игнорира можноста да дојде до конфликт. Како резултат на тоа од 1949 година па до крајот на осумдесеттите години – период познат како Студена војна – главна задача на Алијансата беше да се одржат воени капацитети кои ќе овозможат одбрана на нејзините членки од секаква форма на агресија од страна на Советскиот Сојуз и Вашингтонскиот пакт. Стабилноста којашто ја обезбедуваше НАТО за време на овој период и помогна на Западна Европа во целина, овозможувајќи и да ги надмине проблемите со коишто се соочуваше по Втората светска војна, да стекне доверба и да го предвиди она што е неопходно за економскиот напредок.

Политиката договорена од страна на земјите-членки на НАТО постојано еволуираше, пред се како резултат на стратегиското опкружување коешто се менуваше. По завршувањето на Студената војна, политиката на Алијансата и на нејзините структури доживеа коренита промена и трансформација, со цел да ги отслика промените во политичката и во воената средина во Европа и на појавата на нови закани по безбедноста. Дополнително, одбранбениот капацитет беше проширен и сега тој вклучува дијалог и практична соработка со другите земји надвор од Алијансата, како најдобри средства за зајакнување на евроатлантската безбедност.

Денес НАТО е многу повеќе од одбранбен сојуз. Тоа е организација којашто навистина им подаде рака на поранешните непријатели и која сега работи на изградбата и на зачувувањето на мирот и на безбедноста во целата евроатлантска област. За да го постигне тоа Алијансата презема уште поголем број задачи и прифаќа се пофлексибилни, поиновативни и попрагматични пристапи за решавање на неизбежно сложените прашања. Во таа насока, централната улога на НАТО во гарантирањето на безбедноста на евроатлантската област се зајакна, а многу земји-партнери поднесуваат барања за членство во Алијансата. Три земји од Централна и од Источна Европа - Чешка, Унгарија и Полска – веќе ја остварија оваа цел, во 1999 година. Уште седум земји - Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија – ја остварија оваа цел во 2004 година.

Трансформацијата на НАТО во текот на изминатава деценија се карактеризираше со серија визионерски иницијативи коишто претставуваат конкретни и крајно практични одговори на новите безбедносни предизвици и можности во едно специфично опкружување по завршувањето на Студената војна. Тие се однесуваат на Партнерството за мир, на специјалните односи со Русија и со Украина, на дијалогот со медитеранските земји, на Акциониот план за членство, кој има за цел да им помогне на земјите-аспиранти за да ги постигнат стандардите на НАТО и да остварат ефективна соработка со Европската унија, Организацијата за безбедносна соработка во Европа (ОБСЕ) и со Обединетите нации. НАТО, исто така, активно се осврнува на безбедносните предизвици коишто еволуираат, преку операциите на кризен менаџмент на Балканот и поготвеноста да дејствува секогаш и секаде каде што е потребно, во борбата против тероризмот и против другите, нови форми на закана, и надвор од рамките на евроатлантската област.

Исто така, за да ја подобри својата подготвеност за преземање на нови мисии, НАТО ги приспособува и ги зајакнува сопствените

капацитети. За оваа цел, на Самитот во Прага, во ноември 2002 година, беа започнати три клучни иницијативи: создавање на НАТО -силите за реакција; реформа во структурата на воената команда, и прашкото ангажирање на капацитети преку кои недостатоците во однос на капацитетите се разгледуваат низ призмата на поединечните ангажмани и иницијативи за соработка на земјите-членки.

Фундаментални безбедносни задачи

Стратегискиот концепт на Алијансата, еден авторитативен приказ на целите на Алијансата и на нејзините основни безбедносни задачи, обезбедува насоки за политичките и за воените средства што треба да се применат при нивното спроведување. Објавувањето на овој документ (за првпат објавен во 1991 година) го означи јасниот прекин со минатото. За време на Студената војна чувствителните компаративни документи за стратегиското планирање - сосема разбирливо - беа доверливи.

Моменталниот стратегиски концепт на НАТО, објавен во 1999 година, безбедносните ризици со коишто се соочува Алијансата ги опишува како ″повеќенасочни и тешко предвидливи″. Фундаменталните безбедносни задачи на Алијансата се дефинирани на следниов начин:

- дејствување - како основа за стабилност во евроатлантската област;
- да послужи како форум за консултации по безбедносните прашања;
- одвраќање и одбрана на секоја земја-членка на НАТО од секаков вид закана за агресија;
- да придонесе за ефективно спречување на конфликтите и за активно вклучување во кризен менаџмент; и
- промовирање на партнерство со широк спектар и соработка и дијалог со другите земји во евроатлантската област.

Оценувајќи ги безбедносните предизвици и ризици коишто можат да се предвидат, Стратегискиот концепт од 1999 година заклучува дека стратегиското опкружување и натаму се менува на генерално позитивен начин и дека Алијансата, меѓу другите организации, одигра важна улога во зајакнувањето на евроатлантската безбедност по завршувањето на Студената војна.



Меѓутоа, иако заканата од општа војна во Европа практично исчезна, членките на Алијансата и другите земји во евроатлантскиот регион се соочени со други ризици и со несигурност, вклучувајќи ги и етничките конфликти, повредата на човековите права, политичката нестабилност и економската ранливост. Дополнително, пролиферацијата на нуклеарно, биолошко и на хемиско оружје и на средствата за нивна употреба претставува сериозен проблем што загрижува, а напредокот на технологијата може да резултира со полесен пристап на потенцијалните непријатели до софистицираните воени капацитети.

Исто така, безбедноста на Алијансата мора да го земе предвид и глобалниот контекст и на неа можат да влијаат поширок ризици, вклучувајќи ги тука терористичките дејствија, саботажите, организираниот криминал и прекинот во протокот на ресурсите. Од објавувањето на Стратегискиот концепт од 1999 година и по нападите на САД, во септември 2001 година, заканата од тероризам и ризикот од неуспешните држави се преиспитува од корен.

Првото повикување на член 5

Член 5 е клучната клаузула од Вашингтонскиот договор, основачката повелба на НАТО, кој вели дека оружен напад против еден сојузник ќе се смета за напад против сите членки на НАТО. Како одговор на повикувањето на член 5, секој сојузник утврдува - во консултација со другите сојузници - како може најдобро да даде свој придонес во секоја акција којашто се смета за неопходна за обнова и за одржување на безбедноста во северноатлантската област, вклучувајќи ја и употребата на оружените сили.

Првото повикување на член 5 беше на 12 септември 2001 година, веднаш по терористичките напади против САД на 11 септември. Во почетокот повикувањето беше начелно, во очекување да се утврди дали нападите беа упатени однадвор. Ова беше потврдено на 2 октомври 2001 година, откако официјални претставници на САД ги презентираа резултатите од истрагата за нападите пред Северноатлантскиот совет, заклучувајќи дека одговорноста ја сноси терористичката мрежа на Ал Каеда.

На 4 октомври сојузниците се договорија за серијата мерки со кои ќе ја помогнат кампањата на САД против тероризмот. Ова вклучуваше зголемена размена на разузнавачки информации и соработка, дозволи за надлетување и пристап до пристаништата и до аеродромите за авионите на САД и на другите сојузници, како дел од операциите против тероризмот, и распоредување на дел од поморските сили на НАТО во источниот дел на Средоземно Море и на авионите на Алијансата со системи за противдесантско предупредување и контрола (AWACS) во САД. Исто така, некои сојузници помагаат во согласност со ресурсите и капацитетите што ги поседуваат, како одговор на потребите на САД. Помошта вклучува воена поддршка, како и правни и финансиски мерки што се преземаат со цел да се прекине приливот на приходите за терористичките организации.

Во срцето на трансатлантското партнерство

Улогата на НАТО во гарантирањето на безбедноста на земјите-членки и преземањето нови задачи за проширување на безбедноста и стабилноста, пред се се заснова на долгорочните партнерства меѓу европските и северноамериканските членки. Разорената на европските земји по Втората светска војна беше причина, од безбедносен аспект, тие да останат зависни од САД и од Канада. Северноамериканските сојузници распоредија голем број оружени сили на европска почва. Уште од овие рани денови на Алијансата, тие продолжија да имаат централно место во концептот на трансатлантската безбедност и да бидат незаменлив столб на Алијансата.

Со текот на времето, бројот на северноамериканските сили во Европа постепено се намалуваше. Години наназад, поголемиот дел од силите што и беа ставени на располагање на Алијансата за одбрана на Европа, го сочинуваат европските сојузници. Исто така, повеќето мировни сили на Балканот, раководени од НАТО, коишто се поддржани и од значителни контингенти од земјите-партнери и од другите земји кои не се членки на НАТО, ги обезбедуваат европските сојузници.

И покрај тоа, САД и натаму преземаат непропорционален дел од трошоците за безбедноста на Алијансата и нееднаков дел од одговорноста за акциите на Алијансата, како резултат на нерамнотежата меѓу САД и другите сојузници, во смисла на нивните воени капацитети. Искористувајќи ја дивидендата од мирот по Студената војна, во почетокот на деведесеттите години на минатиот век, европските сојузници и Канада не ги направија потребните инвестиции за приспособување на нивните воени капацитети кон новите безбедносни предизвици. Во повеќе клучни области, како што се воздухопловните капацитети потребни за брзо распоредување на воените сили, сателитските комуникации и другите области на напредни технолошки капацитети, тие и натаму остануваат зависни од САД.

Недостатоците во европските одбранбени капацитети за првпат се најдоа во фокусот на вниманието за време на балканските конфликти во деведесеттите години, кои покажаа дека - без поддршката од САД - европските земји не беа во позиција да дејствуваат во спречувањето на можностите за проширување на конфликтите. Во доцните деведесетти години се појавија посебни иницијативи за зајакнување на одбранбените капацитети од страна на НАТО и Европската унија (ЕУ). Во 1999 година двете организации се договорија да воспостават стратегиски партнерства.

Поуки од Балканот

По започнувањето на Граѓанската војна во Босна и Херцеговина, во почетокот на деведесеттите години, Европската унија испрати набљудувачи кои требаше да ја следат имплементацијата на резолуциите на ООН, но тие нема ниту политички мандат, ниту воени сили за да сторат нешто повеќе. Обединетите нации распоредија сили, но тие беа повеќе приспособени за операции за

чување на мирот, отколку за операции за спроведување на мирот, така што наскоро стана јасно дека крај на борбите не може да се постигне со други инструменти освен со сила. Алијансата во почетокот не беше подготвена да се инволвира, бидејќи се уште не беа разгледани импликациите од распоредувањето на силите на НАТО надвор од традиционалната област на НАТО. Меѓутоа, поради влошувањето на ситуацијата во периодот меѓу 1992 и 1995 година, НАТО се повеќе се инволвираше, обезбедувајќи воена поддршка за следење и за имплементација на резолуциите и на санкциите на ООН. Конечно, по потпишувањето на мировниот договор, кон крајот на 1995 година, НАТО-силите со 60.000 војници и американскиот контингент од 20.000 војници, ја поддржуваа имплементацијата на договорот.

Четири години подоцна - кога насилството на Косово ескалираше, а хуманитарната криза повторно се продлабочи - по неуспехот на сите обиди да се дојде до решение по пат на преговори, НАТО - како целина - презеде активности. Оваа криза ги потврди веќе идентификуваните недостатоци на европските одбранбени капацитети. За време на воздушната кампања повеќето летови беа со американски авиони, а кога дојде моментот за распоредување на мировните сили на Косово беа потребни неколку месеци за силите да достигнат целосна сила.

Во моментов на Европа и недостигаат потребните капацитети за да може да започне и да одржи воена операција од типот на операциите со кои се стави крај на конфликтите во Босна и на Косово. Европската унија презема сериозни чекори за зајакнување на своите капацитети и развива рамка за соработка меѓу ЕУ и НАТО (*опишано подолу*), Што резултираше со тоа што НАТО и ја препушти на Европската унија својата мисија во Поранешната Југословенска Република Македонија*, каде што НАТО-силите беа распоредени од 2001 година, по барање на претседателот на земјата, а заради надминување на кризата во земјата (*види во Глава 10*). Во март 2003 година Европската унија, користејќи ги капацитетите на НАТО, ја започна операцијата *Конкордија* – операција за замена на НАТО-силите, кои обезбедија помош во планирањето и логистичка поддршка за силите под раководство на ЕУ. Исто така, во јули 2003 година НАТО и Европската унија се договорија за заеднички стратегиски приод за Западен Балкан, а се разгледуваат и можностите до крајот на 2004 година Европската унија да ја преземе одговорноста за безбедноста во Босна и Херцеговина, се разбира со поддршка од страна на НАТО.

Зајакнување на европските капацитети

Балканските искуства ги поттикнаа европските земји да преземат акција. ЕУ ги зајакна напорите за развивање на Европската безбедносна и одбранбена политика, којашто ќе биде придружена со капацитетите што се потребни за одговор во случај на кризи. Во почетокот, прашањата во врска со одбраната и безбедноста - во име на ЕУ - беа во надлежност на посебна организација позната како Западноевропска унија (ЗЕУ).[1] Меѓутоа, на Самитот во Хелсинки, во декември 1999 година, Европската унија одлучи дека во иднина ќе ги преземе во свои раце прашањата во врска со безбедноста и одбраната и започна со креирање на структурите кои беа потребни за таа цел. Исто така, ЕУ пред себеси постави една т.н. водечка цел - до 2003 година да биде подготвена да распореди и да одржи, во период од најмалку една година, сили за брза реакција, кои би броеле до 60.000 војници.

Од своја страна, Алијансата се заложи за зајакнување на својот европски столб - преку развивање на ефективен европски безбеднос и одбранбен идентитет. Целта на оваа иницијатива е да се поддржи Европската унија во нејзините

[1] *Западноевропската унија: Формирана со Бриселскиот договор за економска, социјална и културна соработка и за колективна самоодбрана (1948 година), потпишан од Белгија, Франција, Луксембург, Холандија и од Обединетото Кралство. Кон Западноевропската унија подоцна се придружија и Германија, Грција, Италија, Португалија и Шпанија. Функциите поврзани со кризниот менаџмент и со хуманитарните задачи беа преземени од Европската унија, по одлуките донесени на Самитот на ЕУ во Хелсинки, во 1999 година. Обврските што произлегуваа од Бриселскиот договор, а кои се однесуваа на колективната одбрана, останаа неизменети и нив ги чува остатокот од Секретаријатот на ЗЕУ.*

напори да развие безбедносна улога со кредибилитет и, во исто време, да се помогне во создавањето на посилна и покохерентна помош за мисиите и за активностите на Алијансата. За таа цел, НАТО во текот на деведесеттите години започна еден процес креиран со цел да обезбеди вистински европски капацитет за кризен менаџмент, без непотребно удвојување на воените средства и капацитети кои стојат на располагање во рамките на НАТО. Централно место во овој процес има концептот на "разделени, но не одделни сили", што ќе дозволи користење на средствата и на капацитетите на НАТО, в случај на операции на реакција на кризи, под раководство на ЗЕУ.

Во април 1999 година, согледувајќи дека Европската унија има намера да ја засили својата улога во безбедноста - на што има право - на состанокот што се одржа во Вашингтон, во април 1999 година, лидерите на НАТО ја изразија својата подготвеност да ги дефинираат и да ги направат потребните аранжмани, за основните делови на воените средства и капацитети на НАТО да се стават на располагање во рамките на операциите под раководство на ЕУ, како одговор на кризните состојби во кои НАТО - како целина - нема воено да се ангажира. По одлуките на ЕУ донесени во Хелсинки, НАТО започна директни разговори и консултации со ЕУ, во врска со нивната соработка.

Оттогаш се дефинирани новите форми на соработка. Во декември 2002 година НАТО и Европската унија објавија заедничка декларација за нивното стратешко партнерство коешто се развива, а во март 2003 година се договорија за серија документи во врска со соработката во областа на кризниот менаџмент, вклучувајќи ги и договорите познати како "Берлин плус" – договори за употреба на средствата и на капацитетите на НАТО во операциите со кои раководи ЕУ, со што му се даде тежина на ова стратешко партнерство и се отвори пат за координирана акција. Договорите за постојана поврзаност овозможија поголема соработка и консултации на оперативно ниво. Беше постигнат договор за воспоставување на ЕУ ќелија во Врховниот штаб на сојузничките сили на НАТО во Европа (SHAPE), со седиште во Монс, Белгија, и за претставник на НАТО во Воениот штаб на ЕУ.

НАТО и Европската унија, исто така, склучија и договор за обезбедување постојаност,

транспарентност и заемно јакнење во развивањето на потребните капацитети што се заеднички за двете организации. Во мај 2003 година се одржа првиот состанок на Заедничката група на НАТО и на ЕУ за капацитети. Преземените иницијативи за зајакнување на одбранбените капацитети на Алијансата (*види во Глава 3*) треба да бидат кохерентни со Акциониот план за одбранбените капацитети на Европската унија при спроведувањето на нејзината водечка цел, и тие ќе помогнат во остварувањето на потребните подобрувања на капацитетите на европските сојузници во клучните области.

Алијансата и натаму претставува средство со коешто членките на НАТО ја обезбедуваат својата колективна одбрана. Таа останува камен-темелник на евроатлантската безбедност и го одржува својот мандат и своите капацитети за да спроведе кризен менаџмент и да ги исполни задачите за спроведување и за чување на мирот. Целта на безбедносната соработка меѓу ЕУ и НАТО е насочена кон тоа да се зголемат капацитетите за справување со кризи и конфликти, а притоа да се избегне можноста за нивно удвојување. Ова ќе ги зајакне европските воени капацитети, за силите под раководство од ЕУ да можат успешно да ги реализираат идните операции за справување со кризи, и тогаш кога во нив нема да биде вклучена Алијансата - како целина.

> 3

Зајакнување на одбранбените капацитети

Сојузниците прават концентриран напор за зајакнување на нивните одбранбени капацитети, со цел да го оспособат НАТО да активира сили коишто можат да се движат брзо, секаде каде што е потребно, да одржуваат операции на далечина и операции кои ќе траат подолго време и да ги постигнат своите цели колку што е можно побрзо и поефективно, при тоа минимизирајќи ја ненамерната штета што би им се нанела на оние кои не се инволвирани во борбата. Одржувањето на соодветни воени капацитети и јасната подготвеност да дејствуваат колективно и натаму се најрелевантни во денешната безбедносна средина. Во случај на кризи што би можеле да претставуваат закана по безбедноста на членките на Алијансата, силите на НАТО мора да бидат способни да ги надополнат и да ги зајакнат политичките активности и да придонесат во справувањето со таквите кризи и нивното решавање по мирен пат.

Работата на подобрувањето на капацитетите започна кога сојузничките лидери, на состанокот во Вашингтон во април 1999 година, ја иницираа својата визија за Алијансата во 21 век: поголем, поспособен и пофлексибилен сојуз, посветен на колективната одбрана и способен да преземе нови мисии и да придонесе во спречувањето на конфликтите и во активното ангажирање во операции на кризен менаџмент и во операции за реакција на кризи. Тие ја иницираа Иницијативата за одбранбени капацитети (DCI), со цел да се подобрат одбранбените капацитети на НАТО во клучните области.

Во наредните години DCI постигна напредок во некои области, пред се во оние во коишто се потребни помалку ресурси, но каде што се уште имаше недостатоци во однос на критичните капацитети, а имплементацијата беше мошне бавна. Во меѓувреме, се зголеми итноста на потребата од приспособување и модернизација, како резултат на опасностите од нови и асиметрични закани, т.е. закани од опонентите кои се обидуваат да ја искористат ранливоста на современите општества и на воено супериорните сили, честопати со немилосрдно користење на неконвенционални средства, особено тероризам. Терористичките напади врз САД од 11 септември 2001 година ја ставија во фокусот на вниманието заканата од тероризмот, а интервенцијата којашто следуваше во Авганистан, под раководство на САД, уште еднаш ги нагласи недостатоците во однос на капацитетите на сојузниците.

На Самитот во Прага, во ноември 2002 година, сојузничките лидери се заложија за пофокусиран приод во зајакнувањето на воените капацитети на НАТО, како дел од пакетот мерки за зголемување на ефективноста на идните операции преку цел спектар мисии на Алијансата, вклучително и мисиите против тероризмот. Беше прифатен троен приод за подобрување на одбранбените капацитети на Алијансата: нова иницијатива за капацитетите, Прашкото ангажирање на капацитетите; НАТО-силите за реакција и насочена командна структура. Исто така, беше иницирана и конкретна серија одбранбени иницијативи, кои требаше да се осврнат на новите закани.

Подобрувањата во однос на сојузничката интероперабилност и критичните капацитети, ќе им овозможи на европските сојузници да дадат посилен и покохерентен придонес во мисиите на НАТО, осврнувајќи се на недостатоците на европските одбранбени капацитети. Таквите подобрувања, исто така, треба заемно да ги зајакнуваат напорите на Европската унија за развој на воените капацитети, заради постигнување на нејзината водечка цел во создавањето на силите за брза реакција, коишто можат да се распоредат на ниво на корпус.

Прашкото ангажирање на капацитетите

DCI за своја цел ги имаше капацитетите кон кои се стремеше Алијансата како целина, но не вклучуваше ангажмани кои се специфични за една држава. Меѓутоа, во рамките на Прашкото ангажирање на капацитетите, одделни сојузници дадоа цврсто и јавно ветување дека ќе направат конкретни подобрувања во клучните воени капацитети, со конкретни временски рокови за остварување и со висок степен на следење на имплементацијата.

Клучните области на капацитетите вклучуваат стратешки воздушен и поморски транспорт, распоредлива борбена поддршка и борбени единици; команда, контрола и комуникации; набљудување воздух-земја; разузнавање, следење и лоцирање на целите; борбена ефективност, вклучувајќи и прецизно водена

муниција и поттиснување на воздушната одбрана на непријателот, и капацитети за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна одбрана.

Јакнењето на одбранбените капацитети ќе бара дополнително утврдување на приоритетите во буџетите за одбрана на голем број сојузници, на пример во намалувањето на нивоата на силите и префрлање на ресурсите за осовременување на опремата. Меѓутоа, во повеќето случаи нема да биде доволно само попаметното трошење и ќе бидат потребни дополнителни финансиски ресурси. Се испитува исплатливоста на некои решенија за недостатоците во однос на одбранбените капацитети, како што е обединувањето на воените капацитети, зголемувањето на спецификацијата на улогата, корпоративна набавка на опрема и заедничко и мултинационално финансирање.

Откако ќе се имплементира, Прашкото ангажирање на капацитетите ќе го зголеми бројот на големи транспортни авиони во Европа за најмалку четирипати, а со обединувањето на ресурсите, европските сојузници ќе го зголемат својот капацитет за полнење гориво во воздух. Се планира дека до 2007 година количеството на воздушна, прецизно водена муниција, којашто не е американска, ќе се зголеми за 40 проценти.

НАТО-сили за реакција

НАТО-силите за реакција ќе обезбедат високотехнички опремени, флексибилни, брзо распоредливи, интероперабилни и одржливи сили, вклучувајќи и копнени, поморски и воздухопловни елементи способни да спроведат цел спектар мисии на Алијансата. Развивањето на овие сили со висок степен на подготвеност, исто така, ќе послужи како катализатор за промовирање и за поголема интероперабилност на воените капацитети на Алијансата, за да обезбеди нивна континуирана трансформација - со цел да се одговори на безбедносните предизвици коишто еволуираат.

По конференцијата за првата генерација сили, што се одржа во јули 2003 година, во октомври 2003 година беше формиран прототипот на силите. Се очекува почетниот оперативен капацитет да биде подготвен во октомври 2004 година, а силите треба да бидат целосно оперативни во октомври 2006 година, кога ќе бројат околу 21.000 војници и ќе располагаат со најнови борбени авиони, бродови, воени возила, служби за борбена поддршка, логистика, комуникации и разузнавање. Во рок од пет дена, тие ќе бидат подготвени да се распоредат во кризните области и 30 дена да се одржат сами, без помош однадвор.

Нова командна структура

Сојузничките лидери во Прага го прифатија нацртот на една помала, поефективна и распоредлива воена командна структура под две стратешки команди: едната – оперативна, а другата - функционална. Деталите на новата командна структура беа финализирани во јуни 2003 година. Таа ја отсликува потребата од помали, пофлексибилни и брзораспоредувачки сили, кои повеќе ќе одговараат на новите мисии на НАТО. Бројот на командите е, исто така, намален - од 20 на 11, а нивните обврски се редефинирани.

Сите оперативни штабови сега потпаѓаат под Сојузничката команда за операции при Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE), со седиште во Белгија. Таа е поддржана од две команди на здружените сили способни да генерираат штаб на Комбинираните здружени сили за посебна намена (CJTF) и од робусни, но поограничени постојани здружени штабови од коишто ќе може да се формира поморски штаб на CJTF. CJTF имаат флексибилни командни структури кои им дозволуваат на воените команданти да влечат служби од различни земји, со цел да одговорат на конкретните барања на одредена воена операција.

Сојузничката команда за трансформации (ACT) ја следи континуираната трансформација на

капацитетите на НАТО и промовира интероперабилност на своите сили, заменувајќи ја претходната Атлантска команда, којашто е лоцирана во Норфолк, Вирџинија, САД, но е присутна и во Европа. Фактот дека Врховниот сојузнички командант за трансформации е, исто така, командант на Командата на американските здружени сили, внатрешната машина за промени во американските сили има очигледни предности. АСТ ќе одигра клучна улога во приспособувањето на капацитетите и во развивањето на доктрината за новите Сили за реакција на НАТО.

Борба против новите закани

Во Прага имаше неколку иницијативи за унапредување на капацитетите на Алијансата за борба против тероризмот и против новите безбедносни закани. Воениот концепт за одбрана од тероризмот беше прифатен. Исто така, беше иницирана соработка со партнерските земји, во форма на Акционен план против тероризмот, за размена на разузнавачките информации за подобрување на цивилната подготвеност против можните хемиски, биолошки или радиолошки напади против цивилното население и помош во справувањето со последиците од нив.

Имаше и пет иницијативи за зајакнување на капацитетите на Алијансата за борба против нуклеарното, биолошкото и хемиското оружје: прототип на аналитичка лабораторија којашто се распоредува; тим за реакција на настани; виртуелен центар за извонредност во одбраната од таквото оружје, и систем за следење на болестите. Исто така, физибилити- студијата на НАТО за ракетна одбрана ги проучува опциите за заштита на територијата, силите и на населението на Алијансата од цел спектар закани од проектили. Се зајакнуваат и капацитетите за одбрана од кибернетички напад.

На 1 декември 2003, новиот мултинационален Баталјон за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна одбрана (CBRN) го постигна својот почетен оперативен капацитет. Со база во Либерек, во северниот дел на Чешка, баталјонот треба да го достигне својот краен оперативен капацитет за НАТО операции во јули 2004 година. Во времето на оновањето, во формирањето на баталјонот учествуваа 13 земји: Белгија, Канада, Чешка, Унгарија, Италија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Шпанија, Турција, Обединетото Кралство и САД.

Улогата на НАТО-силите се менува

> 4

Од формирањето на НАТО, основната улога на сојузничките сили е да се гарантира безбедносниот и територијалниот интегритет на земјите- членки. Задачата за гарантирање на безбедноста преку одвраќање и колективна одбрана останува фундаментална обврска, но по завршувањето на Студената војна улогата и организацијата на силите на НАТО претрпеа значителни промени, со цел да се приспособат на безбедносната средина којашто еволуира и за промовирање на воена соработка со земјите-партнери.

За време на Студената војна одбранбеното планирање на НАТО најмногу се занимаваше со одржувањето на капацитетите потребни за одбрана од можна агресија од страна на Советскиот Сојуз и Варшавскиот пакт. По падот на Берлинскиот ѕид некои сугерираа дека веќе нема потреба од НАТО. Меѓутоа, евроатлантската безбедност, иако помалку конфронтирачка, исто така стана посложена, а се појавија и многу други предизвици надвор од Европа, вклучувајќи го и распаѓањето на државите, пролиферацијата на оружје за масовно уништување и нивните средства за примена, како и тероризмот. Оваа нова безбедносна агенда стана јасна во почетокот на деведесеттите години на 20 век, со започнувањето на етничките конфликти на Балканот, каде што силите на НАТО на крајот беа повикани да одиграат улога на поддршка на мирот и кризен менаџмент.

Терористичките напади во САД во септември 2001 година и последователните операции во Авганистан за искоренување на Ал Каеда, терористичката група одговорна за нападите, ја зголемија загриженоста поради заканите од тероризам, од страна на пропаднатите држави, и поради ширењето на оружјето за масовно уништување. Силите на НАТО сега помагаат во одбраната од тероризмот и имаат мошне важна улога во меѓународните мисии за поддршка на мирот, со кои Алијансата – за првпат во својата историја - е активна и надвор од границите на евроатлантската област. Така, додека заканите со коишто се соочува Алијансата денес не се толку апокалиптични како оние во времето на Студената војна, сепак тие и натаму се многу реални и притискаат, а честопати се непредвидливи.

Конвенционалните сили на НАТО

По завршувањето на Студената војна бројот на конвенционалните сили беше битно намален: копнените сили на земјите-членки кои беа ставени на располагање на Алијансата беа намалени за 35 проценти; главните поморски средства беа намалени за повеќе од 30 проценти, а од почетокот на 90-тите воздухопловните борбени ескадрили беа намалени за околу 40 проценти. Кај повеќето сили веќе не се одржува високото ниво на подготвеност и тие беа реструктуирани за посебно да се акцентира нивната флексибилност и мобилност, за да можат да преземаат нови улоги за поддршка на мирот и за кризен менаџмент, како и да работат ефективно со силите од земјите кои не се членки на НАТО.

Еден пример за начинот на кој новите околности доведоа до промени во начинот на кој се организирани сојузничките воени сили е воведувањето на воениот концепт на Комбинираните здружени сили за посебна намена (CJTF). Овој концепт обезбедува флексибилна структура којашто им дозволува на воените команданти да влечат служби од различни земји, за да одговорат на конкретните барања во рамките на одредени воени операции. Исто така, тој ја овозможува интеграцијата на земјите кои не се членки на НАТО во мировните операции раководени од НАТО и овозможува воени операции под раководство на ЕУ, користејќи ги средствата и капацитетите на НАТО.

Од средината на 90-тите години, новите улоги на НАТО - за кризен менаџмент и за поддршка на мирот (*подетално опишани во Глава 10*) - стануваат се поважни. Во периодот меѓу 1992 и 1995 година силите на НАТО беа инволвирани во војната во Босна, како поддршка на Обединетите нации, помагајќи во набљудувањето и во спроведувањето на санкциите на ООН од Јадранско Море, како и во контролата на зоната за забранети летови над Босна и Херцеговина и во обезбедувањето на поблиска воздушна поддршка за Заштитните сили на ООН на теренот. Воздушните напади, што започнаа во август и во септември 1995 година, за отстранување на опсадата на Сараево, помогнаа во тоа да се смени односот на силите на теренот и да се обезбеди мир во населените места. Последователно, во декември 1995 година, НАТО

распореди мултинационални сили, со мандат на ООН, за имплементација на воените аспекти од мировниот договор.

Во пролета 1999 година улогата на НАТО за кризен менаџмент беше зајакната, кога сојузниците ја започнаа воздушната кампања против југословенскиот режим, со цел да го принудат да ги почитува меѓународните барања за ставање крај на политичката и на етничката репресија во покраината Косово. Голем број мултинационални сили под раководство на НАТО беа испратени на теренот, со цел да помогнат во стабилизирањето на состојбите на теренот.

Две години подоцна, во почетокот на 2001 година, во соработка со новата демократска југословенска влада, НАТО се вклучи во спречувањето на кризата во Јужна Србија, област со голема популација на етнички Албанци. Нешто подоцна истата година, НАТО - заедно со Европската унија - се вклучи во превентивната дипломатија, за да помогне во обидите да се спречи можноста за избувнување на граѓанска војна во Поранешната Југословенска Република Македонија*, со охрабрување на преговорите за мировен план. Малубројните сили на НАТО кои беа распоредени во текот летото заради мирно разоружување на бунтовниците и за гарантирање на безбедноста на меѓународните набљудувачи и стабилноста на состојбата на теренот набрзо беа обновени.

Балканските операции дозволија НАТО-силите да се стекнат со значително искуство за поддршка на мирот и во операциите на кризен менаџмент и искуство во раководењето со мултинационалните коалиции, кои вклучуваат и земји кои не се членки на НАТО. На овој начин НАТО станува незаменлив елемент во денешната безбедносна средина. По терористичките напади од 11 септември, Алијансата се повеќе се повикува на потребата да се даде придонес во градењето на безбедноста во нестабилните зони, кои се надвор од традиционалната евроатлантска област.

Во август 2003 година во Авганистан Алијансата се согласи да ја преземе командата врз Меѓународните безбедносни сили за помош (ISAF), со цел да помогне во воспоставувањето на стабилноста во една пропадната држава, којашто долго време беше "покосена" од граѓанска војна и претставуваше засолниште за терористите. НАТО претходно одигра значителна планирачка улога во поддршката на сојузниците кои презедоа водечки улоги во ISAF. Унапредената улога на НАТО обезбедува континуитет и ги надминува проблемите околу наоѓањето нови земји кои ќе раководат со мисијата секои шест месеци. Персоналот на НАТО дејствува под знамето на ISAF и тој и натаму работи во рамките на мандатот на ООН, што беше проширен во октомври 2003 година, со дозвола за операции надвор од главниот град Кабул.

Ангажманот на НАТО во Авганистан е првата мисија на Алијансата надвор од евроатлантската област. Таа ја отсликува централната одлука донесена од страна на сојузничките министри за одбрана, на состанокот одржан во Рејкјавик, во мај 2002 година, според која: "Алијансата мора да биде подготвена да обезбеди сили кои ќе се движат брзо, секаде каде што ќе бидат потребни, односно сили кои ќе учествуваат во операции во далечни земји и во операции што ќе траат подолг временски период". Исто така, по интервенцијата водена од САД против режимот на Садам Хусеин, НАТО се согласи да ја поддржи - со сили, логистика, комуникации и разузнавање - мултинационалната дивизија, раководена од Полска, во централен Ирак. Алијансата е подготвена да им понуди слична поддршка и на другите сојузници кои ќе го побараат тоа.

По 11 септември, се премина и на класична примена на поморската сила против новите закани. Од октомври 2001 година, во рамките на операцијата "Активни залагања", бродови на НАТО патролираа по источниот дел на Медитеранот, следејќи ги пратките заради откривање и спречување на терористички активности. Оттогаш мисијата е проширена, така што вклучува и придружување на цивилните бродови, по нивно барање, кои минуваат низ Гибралтарскиот Проток, како и систематска проверка на осомничените бродови. Покрај одвраќањето од тероризам, поморската операција, исто така, обезбеди и некои неочекувани бенефиции и имаше очигледен ефект врз безбедноста и стабилноста во Средоземно Море, што е од корист за трговијата и за економските активности.

Нуклеарните сили на НАТО

Политиката на НАТО во однос на нуклеарното оружје е една од областите на воената политика во којашто дојде до најрадикални промени во текот на изминатата деценија. За време на Студената војна нуклеарните сили на НАТО одиграа централна улога во стратегијата на Алијансата. Постоењето на значителен број вакви сили и изразената волја на сојузничките влади да ги одржат и да размислат за нивната примена, беше креирано со цел да дејствува во насока на одвраќање – не само одвраќање од употреба на нуклеарно оружје од страна на другите земји, туку и како крајно одвраќање од каква било форма на агресија.

Во средината на педесеттите години стратегијата за т.н. "масовна одмазда" го нагласи одвраќањето засновано врз заканата дека НАТО ќе одговори на агресијата врз секоја од своите членки со сите расположливи средства, вклучувајќи го и нуклеарното оружје. Во 1967 година беше воведена стратегијата на "флексибилен одговор", насочена кон одвраќање на агресијата преку креирање на несигурност во главите на потенцијалниот агресор во врска со природата на одговорот од страна на НАТО - конвенционален или нуклеарен. НАТО ја практикуваше оваа стратегија се до завршувањето на Студената војна.

Во денешната стратегија на Алијансата, нуклеарното оружје има многу поредуцирана улога. Секоја од трите нуклеарни сили на НАТО – САД, Обединетото Кралство и Франција – значително го намали своето нуклеарно вооружување, во некои случаи дури и за 80 проценти. Условите во кои може да се размислува за употреба на ова оружје се согледани како крајно далечни и веќе не се насочени против ниту една земја или конкретна закана.

Основната цел на преостанатите нуклеарни сили е политичка: да се сочува мирот и да се спречи принуда, со тоа што ризикот од агресија против НАТО би бил неисплатлив и неприфатлив. Заедно со конвенционалните ненуклеарни капацитети, тие создаваат несигурност за секоја земја којашто можеби размислува да се обиде да добие

политичка или воена предност преку закана или употреба на нуклеарно, биолошко или хемиско оружје против Алијансата.

Истовремено, сојузниците од НАТО имаат долгорочна заложба за контрола на нуклеарното оружје, а НАТО ги поддржува и напорите за намалување на нуклеарното вооружување на внимателен и прогресивен начин, како и напорите за ограничување на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување (WMD). Центарот за WMD беше формиран во НАТО, со цел да ги идентификува потребите и размената на информации на ова поле.

НАТО-силите

Терминот НАТО-сили може да збуни. НАТО нема постојана војска. Наместо тоа, поединечни земји-членки се обврзуваат своите сили да ги стават на располагање на Алијансата, за таа да може да ги спроведе договорените задачи или операции. Овие сили остануваат под национална контрола се додека не се повикаат, а потоа се стават под раководство на воените команданти на НАТО.

Имено, НАТО располага само со мал број постојани воени сили. Малите интегрирани штабови во различи мултинационални главни штабови ја сочинуваат интегрираната воена структура на Алијансата. Некои оперативни сили, како што се Воздушните сили на НАТО за рано предупредување, одржуваат постојани центри за комуникација или за воздушна одбрана и следење. А постојаните поморски сили, кои се состојат од мал број бродови и персонал од морнариците на некои од сојузниците, се на ротациона основа.

Иако Алијансата нема постојана војска, таа може да ги мобилизира силите на 26-те сојузници. Нејзината интегрирана мултинационална структура доведе до историското - без преседан - ниво на интероперабилност меѓу воените сили, опремени и обучени да работат заедно, според заедничките стандарди и процедури. Ова, заедно со годините на искуството во водењето на мултинационалните операции на кризен менаџмент и чување на мирот, од НАТО направи непроценлив елемент во денешната безбедносна средина, каде што справувањето со новите закани бара координирана меѓународна акција.

Проширување на безбедноста преку партнерство

Алијансата се приспособи на стратегискиот концепт по Студената војна, преку прифаќање на пошироката дефиниција на безбедноста и започнување на широко базирана стратегија на партнерство и соработка во целата евроатлантска област, којашто сега се смета за една од фундаменталните безбедносни задачи на НАТО. Процесот беше иницира во 1990 година, кога сојузничките лидери ја подадоа раката на пријателството преку поранешната линија на разделување меѓу Исток и Запад, предлагајќи нов однос на соработка со земјите од Централна и од Источна Европа и со поранешните советски републики.

Ова ја подготви сцената за создавање на Северноатлантскиот совет за соработка (NACC), во декември 1991 година, како форум за советување насочен кон градење на заемна доверба. Неколку години подоцна, партнерскиот процес направи важен чекор напред, кога во 1994 година го иницираше Парнерството за мир (ПзМ) – голема програма за практична билатерална соработка меѓу НАТО и поединечните партнери.

Денес НАТО и земјите-партнери редовно се советуваат за прашањата поврзани со безбедноста и со одбраната, во рамките на Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС), кој го наследи NACC во 1997 година. Силите на НАТО и земјите-партнери често дејствуваат заедно и спроведуваат заеднички вежби, а во мировните операции на Балканот нивните војници се распоредени едни покрај други. На Самитот во Прага, во ноември 2002 година, беа преземени чекори за зајакнување на соработката меѓу НАТО и партнерите и за подобро фокусирање на партнерските активности во справувањето со безбедносните предизвици на 21 век.

Партнерството за мир

Еден од најголемите меѓународни успеси на полето на безбедноста во изминатите десет години е програмата Партнерството за мир (ПзМ). Од нејзините почетоци, во 1994 година, поканата за приклучување кон Партнерството ја прифатија 30 земји: Албанија, Ерменија, Австрија, Азербејџан, Белорусија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Финска, Грузија, Унгарија, Ирска, Казахстан, Киргистан, Латвија, Литванија, Молдавија, Полска, Романија, Русија, Словачка, Словенија, Шведска, Швајцарија, Поранешната Југословенска Република Македонија*, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан. Десет од нив станаа сојузници: Чешка, Унгарија и Полска - во 1999 година и Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија - во 2004.

Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора изразија желба да се приклучат кон Партнерството за мир и кон Евроатлантскиот партнерски совет. НАТО го очекува моментот кога ќе може да им посака добредојде на овие две земји, откако тие ќе ги исполнат условите поставени од страна на Алијансата, вклучително и целосна соработка со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, особено во насока на исполнување на барањата за апсење и предавање на лицата обвинети за воени злосторства.

Врз основа на практичната соработка и заложбата за демократските принципи, на кои се потпира самата Алијанса, целта на Партнерството за мир е да ја зголеми стабилноста, да ги намали заканите за мирот и да изгради безбедносни односи меѓу одделни земји-партнери и НАТО, како и со другите партнерски земји. Суштината на програмата на ПзМ е партнерство меѓу секоја земја-партнер поединечно и Алијансата, коешто е приспособено на поединечните потреби и заеднички имплементирано на ниво и со темпо избрано од секоја влада учесничка.

Формалната основа на Партнерството за мир е Рамковниот документ. Тој ги воспоставува специфичните активности за секоја земја-партнер и ја вклучува цврстата заложба на сојузниците да се консултираат со секоја земја-партнер која ќе согледа директна закана по својот територијален интегритет, политичка независност или безбедност. Секој партнер презема низа далекосежни политички заложби за зачувување на демократските општества; за зачувување на принципите на меѓународните закони; за исполнување на обврските според Повелбата на

ООН, Универзалната декларација за човековите права, Хелсиншкиот финален акт[2] и меѓународните договори за разоружување и за контрола на вооружувањето; воздржување од закани или употреба на сили против други држави; почитување на постоечките граници и решавање на несогласувањата по мирен пат. Се прават и специфични заложби за промовирање на транспарентноста во рамките на планирањето на националната одбрана и буџетирањето, со цел да се воспостави демократска контрола врз оружените сили и да се развие капацитет за заедничка акција со НАТО - во мировните и во хуманитарните операции.

Индивидуалната партнерска програма се развива и се договара заеднички, меѓу НАТО и секоја земја-партнер. Се подготвуваат двегодишни програми од широкото мени на активностите – Работната програма на Партнерството – се подготвуваат двегодишни програми кои се во согласност со специфичните интереси и потреби на секоја земја. Соработката, којашто особено се фокусира на работата поврзана со одбраната, вклучува и практична соработка, којашто реално навлегува во секое поле на активности на НАТО. Работната програма нуди активности во повеќе од дваесет области, како што се одбранбената политика и планирањето, цивилно-воените односи, образованието и обуката, воздушната одбрана, комуникациите и информативните системи, кризниот менаџмент и планирањето вонредни состојби од невоен карактер.

За да се обезбеди дека силите на партнерот ќе бидат подобро подготвени да дејствуваат заедно со војските на НАТО во мировните операции, во рамките на Процесот за планирање и анализа се обезбедуваат насоките за интероперабилноста или барањата за подготвеност. Овој механизам е моделиран според системот на НАТО за планирање на сопствените сили и како опција им е понуден на земјите-партнери. Планирачките цели или партнерските цели се предмет на преговорите со секоја земја-учесник и тие се предмет на широко ревидирање заради мерење на напредокот. Овој процес значително придонесе за успехот на мировните операции на Балканот.

Со текот на годините, оперативниот фокус на Партнерството за мир и инволвираноста на земјите-партнери во процесот на одлучување и планирање се зголемија. Концептот на оперативни капацитети беше воведен со цел да се развие поблиска и пофокусирана воена соработка, насочена кон подобрување на воената ефективност на мултинационалните сили. Исто така, беше развиена и политичко-воена рамка којашто требаше да ги зајакне консултациите со земјите-партнери во текот на ескалацијата на кризите што можат да бараат распоредување на мировни трупи и порано да ги вклучи во разговорите - на оперативен план - и во процесот на собирање на силите.

За подобро интегрирање на земјите-партнери во секојдневната работа на Партнерството, во неколку од НАТО-штабовите беа формирани. елементи на ПзМ персоналот, кој вклучува офицери од земјите-партнери. Исто така, во Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE), во Монс, Белгија, Координативната ќелија на Партнерството помага во координацијата на ПзМ-обуката и на вежбите, а Меѓународниот координативен центар обезбедува услови за информирање и за планирање за сите земји кои не се членки на НАТО, а кои обезбедуваат трупи за мировните операции под раководство на НАТО - на Балканот и во Авганистан.

[2] Хелсиншкиот финален акт: донесен во 1975 година од страна на Конференцијата за европска безбедност и соработка (КЕБС) за воспоставување на стандарди за меѓународно однесување, воведе мерки за градење на довербата меѓу Исток и Запад, го промовираше почитувањето на човековите права и ја охрабри економската, културната, научната и техничката соработка.

Евроатлантскиот партнерски совет

Евроатлантскиот партнерски совет ги обединува членките на НАТО и партнерите, кои во моментов бројат 46 земји, во еден мултилатерален форум за редовен дијалог и за консултации во врска со политичките и безбедносните прашања. Тој, исто така, служи како политичка рамка за поединечни билатерални односи, коишто се развиваат меѓу НАТО и земјите што учествуваат во Партнерството за мир.

Одлуката за формирање на ЕАПС, што беше донесена во 1997 година, ја отслика желбата да се отиде подалеку од постигнувањата на NACC и да се изгради безбедносен форум што ќе одговара на се пософистицираните односи со партнерите во рамките на Партнерството за мир и во мировните операции во Босна и Херцеговина, каде што во 1996 година беа распоредени трупи од 14 земји-партнери, кои требаа да служат заедно со трупите на Алијансата.

Формирањето на ЕАПС ги надополни чекорите, што се преземаа паралелно, за унапредување на улогата на Партнерството за мир, зголемувајќи ја инволвираноста на земјите-партнери во одлучувањето и во планирањето на цел спектар партнерски активности.

Дополнително на краткорочните консултации во рамките на ЕАПС за моменталните политички и безбедносни прашања, двегодишниот Акционен план на ЕАПС обезбедува долгорочни консултации и соработка во две широки области. Тие можат да ги вклучуваат, но не се ограничени на: кризниот менаџмент и на мировните операции; регионалните прашања; контролата на оружјето и прашањата поврзани со пролиферацијата на оружје за масово уништување; меѓународниот тероризам; одбранбените прашања, како што се планирањето, буџетирањето, политиката и стратегијата; планирањето на вонредни состојби од невоен карактер; цивилно-военото координирање на управувањето со воздушниот сообраќај, и научната соработка.

Состаноци на ЕАПС на амбасадорско ниво се одржуваат еднаш месечно; состаноците на ниво

на министри за надворешни работи и за одбрана и началници на генералштаб - еднаш годишно, а повремено и состаноци на ниво на самит. Од 2005 година годишниот самостоен состанок на високо ниво ќе се осврнува на важните моменти во врска со прашањата што се однесуваат на политиката, а кои се важни за евроатлантската заедница. Повеќето земји-партнери воспоставија дипломатски мисии во седиштето на НАТО во Брисел, со што е олеснета редовната комуникација и можат да се одржуваат консултации секогаш кога ќе се јави потреба за тоа. Амбасадорите од НАТО и земјите-партнери, на пример, беа подготвени да се состанат за многу краток рок (на 12 септември), веднаш по терористичките напади врз САД, во септември 2001 година. Солидарноста којашто беше изразена на тој ден од страна на членките на ЕАПС – кои се протегаат од Северна Америка и Европа до Централна Азија – и соработката којашто оттогаш се манифестираше во кампањата против меѓународниот тероризам, водена од САД, покажа дека партнерските иницијативи го посеаја семето на вистинската евроатлантска безбедносна култура.

Партнерството по Прага

Заедничката решеност за здружување на силите во пресметката со терористичките закани беше конкретно изразена со започнувањето на Акциониот план на Партнерството за борба против тероризмот, на Самитот во Прага. Исто така, беа преземени низа чекори за подобрување на соработката меѓу НАТО и земјите-партнери. Сеопфатната анализа на ЕАПС и на Партнерството за мир препорача јакнење на политичкиот дијалог со партнерите и натамошно унапредување на нивната инволвираност во планирањето, спроведувањето и во надгледувањето на активностите во коишто учествуваат. Исто така, беше воведен и нов механизам на соработка, Партнерски индивидуален акционен план, којшто наместо да се сведе на влечење од менито на активностите, дозволува Алијансата да ја приспособи својата помош на земјите-партнери кои бараат поструктурирана поддршка за домашните реформи, според специфичните потреби и услови. Тргнувајќи од напредокот што беше постигнат во Прага, се даваат предлози за следниот самит на НАТО, што ќе се одржи во Истанбул во 2004 година, за натамошно приспособување на Партнерството за мир, со тоа што ќе се поработи на клучните тематски прашања и на поединечните потреби и капацитети на партнерите; на промовирањето на реформите во одбраната, што охрабруваат воена трансформација и интероперабилност, и на унапредувањето на регионалната соработка и на заедничката поддршка.

Отворање на Алијансата за нови членки

> 6

Членството во НАТО е отворено за сите европски земји. Член 10 од Вашингтонскиот договор дозволува постоечките членки да ја поканат "секоја европска земја која е во позиција да ги унапреди принципите на овој договор и да придонесе за безбедноста на северноатлантската област" да стане членка на НАТО. Почнувајќи од 12-те земји-основачи на НАТО, во петте круга на проширување бројот на земјите-членки се зголеми на 26.

Вратата на НАТО и натаму останува отворена. По последниот круг на проширување (во 2004), при што членки на НАТО станаа Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија, уште три земји-аспиранти (Албанија, Хрватска и Поранешната Југословенска Република Македонија*) се надеваат дека во блиска иднина ќе бидат поканети да се приклучаткон Алијансата. Целта на секој круг на проширување е да се прошири евроатлантската безбедност и да се зголемат моќта, кохезијата и виталноста на НАТО, а притоа проширувањето не е насочено против безбедносните интереси на кои било трети земји.

Секој круг на проширување помогна во проширувањето на безбедноста и стабилноста во Европа и во зараснување на раните на континентот, којшто претрпе две војни во првата половина од 20 век, а потоа четириесет години беше поделен со Железната завеса. Грција и Турција беа примени во 1952 година. Во 1955, само десет години по завршувањето на Втората светска војна, кон Алијансата се приклучи и Сојузна Република Германија, цврсто интегрирајќи ја земјата со Западот и поставувајќи ги условите за конечното обединување на Германија. По мошне жестока дебата во политичките кругови, во 1982 се приклучи и Шпанија, иако остана надвор од интегрираната воена структура на Алијансата се до 1998 година. Одлуката којашто беше донесена на Самитот во Мадрид во 1997 година - да се поканат Чешка, Унгарија и Полска да ги започнат преговорите за приклучување кон НАТО - претставуваше важен чекор за надминување на поделбите од Студената војна, со покана поранешните непријатели од Варшавскиот пакт да и се придружат на Алијансата.

Проширувањето по Студената војна

Првиот круг на проширување по Студената војна не претставуваше неминовен резултат, а одлуката требаше да биде донесена едногласно од сите замји-членки. Многу се размислуваше во врска со зачувувањето на способноста на Алијансата да носи одлуки со консензус и да обезбеди дека проширувањето ќе ја зајакне европската безбедност. Студијата за проширувањето на НАТО, нарачана во 1994 година и објавена една година подоцна, заклучи дека примањето нови членки и политичките, воените и економските импликации од проширувањето ќе ја унапредат основната цел на Алијансата - унапредување на безбедноста и проширување на стабилноста во целата евроатлантска област. Паралелно со ова, развивањето на односите на Алијансата со Русија, Украина и со другите партнерски земји, би било во интерес на цела Европа.

Клучно прашање во размислувањата за овој круг на проширување, по завршувањето на Студената војна, беше како да се поправи ставот на Русија кон Алијансата, како воен блок кој е непријателски настроен во однос на руските интереси. Сојузниците се согласија дека Русија значително придонесе за европската стабилност и безбедност и признаа дека она што ги загрижуваше во однос на процесот на проширувањето требаше да се разгледа. Во секој случај, мораше да се почитува правото на секоја независна европска држава да бара сопствени безбедносни аранжмани и да припаѓа на одредени меѓународни организации. Пред објавувањето на поканите на Самитот во Мадрид, НАТО се обидуваше да го консолидира и да го институционализира својот дијалог со Русија, преку Основачкиот акт од 1997 годуина (*види во Глава 7*) и ја повтори својата заложба да не распоредува нуклеарно оружје или странски трупи на територијата на новите членки.

Врз основа на препораките од Студијата за проширувањето на НАТО и следејќи го интензивираниот индивидуален дијалог со заинтересираните земји-партнери и широките консултации меѓу сојузниците, Чешка, Унгарија и Полска беа поканети да ги започнат преговорите за пристапување во 1997 година, а на 12 март 1999 година и официјално станаа членки на Алијансата.

Неколку земји беа разочарани затоа што не беа вклучени во првиот круг на проширувањето по Студената војна, но членките на НАТО нагласија дека Алијансата ќе остане отворена и за другите земји кои ќе сакаат да се приклучат во иднина. На Вашингтонскиот самит, во април 1999 година, сојузниците го иницираа Акциониот план за членство (МАР), со цел да им помогнат на земјите-кандидати во подготовките за идно членство во Алијансата (*види во табелата)*. Седум од првите учесници во МАР -Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија - беа поканети да ги започнат преговорите за пристапување на Самитот во Прага, во ноември 2002 година.

По долга серија консултации со седумте земји, сојузниците потпишаа протоколи за приклучување на седумте поканети земји во март 2003. Откако овие протоколи беа ратификувани во сите земји-членки, во согласност со нивните почитувани национални и парламентарни процедури, седумте нови членки беа во можност да се приклучат кон основачкиот договор на НАТО, на 29 март 2004 година. Од новите членки се очекува да постигнат напредок во однос на заложбите за важните реформи, особено во областа на одбраната.

НАТО ја одржува својата политика на отворена врата и по овој втор круг на проширување по Студената војна. Ги охрабри другите три земји што се вклучени во МАР – Албанија, Хрватска и Поранешната Југословенска Република Македонија* - да продолжат со нивната работа на реформите, особено во секторите на одбраната и безбедноста. Во случајот на Хрвтаска, се смета дека од клучна важност е целосната соработка со Меѓународниот суд за злостоства за поранешна Југославија.

Акциониот план за членство

Започнат во 1999 година, врз основа на искуствата од првиот круг на проширувањето по Студената војна, Акциониот план за членство (МАР) им помага на земјите-аспиранти за членство во Алијансата во нивните подготовки за членство во НАТО. Девет земји – Албанија, Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка, Словенија и Поранешната Југословенска Република Македонија* - учествуваат од самиот почеток. Во мај 2002 година им се приклучи и Хрватска. Седум од овие земји станаа членки во 2004 година.

За да станат член на НАТО, аспирантите мора да демонстрираат демократски, политички систем и пазарно стопанство коишто функционираат; почитување на луѓето кои припаѓаат на националните малцинства, во согласност со стандардите на ОБСЕ; решавање на сите постоечки несогласувања со соседите и заложба за мирно решавање на несогласувањата воопшто; способност и волја воено да се поддржи Алијансата и да се постигне интероперабилност со силите на другите членки, и правилно функционирање на цивилно-воените односи, во согласност со демократските стандарди.

Учеството во МАР не гарантира идно членство. Меѓутоа, тоа им овозможува на сите засегнати земји да ги фокусираат своите подготовки на целите и на приоритетите зацртани во планот и да добијат специјалистичка помош и проценки од страна на НАТО. Овие ги покриваат сите аспекти на членството, вклучувајќи ги и политичките, економските, одбранбените, ресурсните, информативните, безбедносните и правните услови.

Секоја земја-учесник ги избира елементите од МАР коишто најдобро одговараат на нејзините потреби и ги воспоставува своите цели и својот план. Учеството во самото Партнерство за мир, а особено во ПзМ процесот за планирање и анализа, претставува интегрален дел на процесот, бидејќи им дозволува на земјите-кандидати да развијат сили и структури на силите коишто се поподготвени да дејствуваат со силите на Алијансата. Се одржуваат редовни состаноци за анализа заедно со сојузниците, со цел да се следи напредокот и да се осигура дека се обезбедуваат совети и повратни информации. Северноатлантскиот совет постојано ја следи имплементацијата на МАР.

Градење на нови односи со Русија

Уште од раните деведесетти години на 20 век НАТО гради мостови и развива соработка со Русија. Образложението за соработката меѓу НАТО и Русија е јасно: со заедничките безбедносни предизвици најдобро се справува по пат на соработка, а по завршувањето на Студената војна вклученоста на Русија е клучен фактор за сеопфатноста на секој европски безбедносен систем.

Терористичките напади во САД, во септември 2001 година, уште повеќе ја нагласија потребата од координирана акција за да се одговори на заедничките закани, а на Самитот во Рим, што се одржа во мај 2002 година, партнерството меѓу НАТО и Русија доби нов поттик и нова димензија. Беше формиран нов Совет на НАТО и Русија (NRC), кој ги поврза НАТО сојузниците и Русија, како еднакви партнери кои треба да работат на можностите за преземање на заедничка акција. Се интензивираше соработката во клучните области од заемен интерес.

Одлуката за продлабочување на нивното партнерство ја демонстрираше заедничката решеност на земјите-членки на НАТО и Русија да соработуваат поблиску во насока на заедничката цел - градење на траен и инклузивен мир во евроатлантската област, цел која за првпат беше изразена во Основачкиот акт на НАТО и Русија за заемни односи, соработка и безбедност (1997 година), со што се обезбеди основа за партнерство меѓу НАТО и Русија.

Односи што се развиваат

Русија беше земја-основач на Северноатлантскиот совет за соработка во 1991 година, се приклучи на Партнерството за мир во 1994 година, а од 1996 година, па се до нивното повлекување во летото 2003 година, руските мировници работеа рамо до рамо со своите колеги на Балканот (*види ја табелата на стр. 25*). Меѓутоа, вистинската основа за силно и трајно партнерство меѓу НАТО и Русија ја обезбеди Основачкиот акт потпишан на 27 мај 1997 година во Париз. Тоа доведе до создавање на Постојаниот здружен совет (PJC), како форум за редовни консултации по заедничките безбедносни прашања и за развивање на програма за консултации и за соработка.

Во наредните пет години беше постигнат голем напредок во градењето на заемната доверба и во надминувањето на заблудите по пат на дијалог. Во 1999 година - и покрај различните ставови во врска со воздушната кампања на Косово, кои доведоа до прекин во работата на PJC што траеше цела година - другите активности, вклучувајќи ги и мировните активности во Босна и Херцеговина, продолжија без прекин.

Сепак, амбициите изразени во Основачкиот акт никогаш не беа целосно реализирани во согласност со PJC. Неговиот "НАТО-плус-1" формат значеше дека НАТО седнуваше на маса со усогласени ставови на Алијансата, а НАТО и Русија разменуваа информации и вршеа консултации на, повеќе или помалку, "билатерален" начин, кој се покажа како несоодветен кога дојде време да се оди подалеку од консултациите и да се бараат начини за поотворена соработка. Кога потребата од усогласена акција за справување со меѓународниот тероризам и другите нови безбедносни закани стана ургентна, по нападите од 11 септември, сојузниците и Русија брзо ја искористија можноста меѓусебните односи да ги издигнат на повисоко ниво, воспоставувајќи го Советот на НАТО и Русија кој требаше да промовира соработка на еднакви партнери *(види во табелата).*

За да се олесни соработката, Русија воспостави мисија во НАТО во 1998 година. Оттогаш, за да го објасни новото НАТО и да ги промовира бенефициите од партнерството меѓу НАТО и Русија, во Москва беше воспоставена Информативна канцеларија на НАТО. Исто така, беше формирана Воена мисија за врски на НАТО, којашто помогна во постигнувањето поголема транспарентност и во развојот на политичко-воената соработка.

Продлабочување на соработката

NRC се разви во продуктивен механизам за соработка, градење консензус, заедничко донесување одлуки и заедничка акција. Веќе во првите 18 месеци од неговото постоење, се одржаа политички консултации во врска со ситуацијата во Авганистан, Србија и Црна Гора и во Босна и Херцеговина, а практичната соработка водеше кон конкретни бенефиции во повеќе области.

NRC создаде неколку работни групи и комитети за тероризам, пролиферација, чување на мирот, одбрана на теренот од проектили, соработка во управувањето со воздушниот простор, во вонредни состојби од невоен карактер, за реформи во одбраната, научна соработка и за соочување со предизвиците на современото општество. Експертите имаат задача да спроведат индивидуални проекти во широк спектар други области. NRC има состаноци речиси секој ден, на едно или на друго ниво, што води кон нов интензитет на контакти и неформални консултации.

Борбата против тероризмот и против новите безбедносни закани претставува клучна област во соработката којашто ги генерира првите забележливи резултати што укажуваат на зајакнување на односите меѓу НАТО и Русија. Заедничките проценки за специфичните терористички закани во евроатлантската област се развиваат и се ревидираат и се испитува улогата на војската во борбата против тероризмот. Се интензивираше и соработката во борбата против пролиферацијата на нуклеарното, биолошкото и хемиското оружје и ширењето на технологијата на балистичките проектили: се подготвува заедничка проценка на глобалните трендови во пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, а соработката во одбраната на теренот од проектили се осврнува на новата закана, којашто произлегува од се поголемата достапност на уште попрецизни балистички проектили. Кооперативната иницијатива за воздушниот простор се обидува да негува соработка во областа на управувањето со воздушниот сообраќај и воздушното следење, што ќе ја унапреди воздушната сигурност и транспарентност и ќе помогне во справувањето со заканите од потенцијалната употреба на цивилни воздухоплови за терористички цели.

Клучна цел на воената соработка е да се подобри интероперабилноста, бидејќи современите војски мора да бидат способни да оперираат во рамките на мултинационалните командни структури и сили, кога ќе бидат повикани да работат заедно во поддршка на мирот или во операции на кризен

Советот на НАТО и Русија

Римската декларација од 2002 година, којашто се надградува врз целите и принципите на Основачкиот акт од 1997 година, го воспостави Советот на НАТО и Русија (NRC) како механизам за консултации, градење консензус, соработка, заедничко одлучување и заедничка акција, во рамките на кој одделни сојузници и Русија, како еднакви партнери, работат на широк спектар евроатлантски безбедносни прашања од заеднички интерес. Постојаниот политички дијалог по безбедносните прашања овозможува рана идентификација на проблемите што се јавуваат, утврдување на заеднички приоди и спроведување на заеднички акции, онаму каде што тоа е потребно.

Новиот Совет кој го замени PJC работи по принципите на консензус. Со него претседава генералниот секретар на НАТО. Состаноците се одржуваат најмалку еднаш месечно, на ниво на амбасадори и воени претставници; двапати годишно на ниво на министри за надворешни работи и за одбрана и началници на генералштаб; а повремено на ниво на самит. Важна новина претставува Подготвителниот комитет на NRC, кој се состанува најмалку двапати месечно, заради подготовка на амбасадорските дискусии и следење на сите активности на експертите под покровителство на NRC.

Работата во рамките на NRC се фокусира на сите области од заеднички интерес што се идентификувани во Основачкиот акт. Соработката се интензивира во повеќе клучни области, како што е борбата против тероризмот, кризниот менаџмент, непролиферацијата, мерките за контрола на вооружувањето и за градење доверба, ракетната одбрана на теренот, логистиката, соработката меѓу армиите, реформите во одбраната и вонредните состојби од невоен карактер. Со заемна согласност на неговите членови, во агендата на NRC можат да се додадат и нови области.

менаџмент. Во рамките на NRC се имплементира важна програма за вежбање и за обука. Логистиката, вклучително и тестовите за интероперабилност на опремата и процедурите во областите како што се воздушниот транспорт и полнењето гориво во воздух, претставуваат друг фокус на активности. Интензивираната соработка во барањето и во спасувањето на море започна по потонувањето на руската нуклеарна подморница *Курск,* во август 2000 година, кога загина целиот екипаж што броеше 118 членови. Рамковниот договор меѓу НАТО и Русија за спасување на подморниците беше потпишан во февруари 2003 година.

Реформите во одбраната се уште една област од заеднички интерес. На Русија и на земјите-членки на НАТО им се потребни соодветни сили, кои се добро обучени и опремени за да можат да се справат со целиот спектар закани на 21 век. Иако не постои шема за воените реформи, Русија може да има корист од искуството на земјите-членки на НАТО, бидејќи голем број од нив во текот на изминатата деценија започнаа фундаментални реформи за приспособување на своите оружени сили на денешните потреби. Од самиот почеток, во октомври 2002 година, соработката беше насочена во повеќе различни аспекти на реформите во одбраната, како што е менаџментот на човечките и на финансиските ресурси; макроекономските, финансиските и социјалните прашања и планирањето на силите. Се прошируваат и активностите за успешниот заеднички проект за преквалификување на руските пензионирани воени лица - инициран во Москва, во јули 2002 година. Исто така, во 2003 година НАТО воспостави две стипендии за руските научни работници на НАТО Колеџот за одбрана, со цел да се промовира истражувањето во рамките на реформите во одбраната.

НАТО и Русија соработуваат уште од 1996 година, во насока на развивање на капацитетите за заедничка акција, како одговор на вонредните состојби од невоен карактер, како што се земјотресите и поплавите, и го координираат откривањето и спречувањето на несреќите пред тие да се случат. По предлог на Русија, беше формиран Евроатлантскиот координативен центар за реакција при елементарни непогоди (види ја табелата на стр. 35). Различни вежби за помош при непогоди и семинарите, кои честопати вклучуваат и учесници од другите земји-партнери, помагаат во развивањето на цивилно-воената соработка. Под раководство на NRC, работата во оваа област во основа се концентрираше на подобрување на интероперабилноста, процедурите и размената на информации и искуства.

Научната и технолошката соработка со Русија, којашто започна во 1998 година, се фокусираше на три конкретни области од посебен интерес за Русија: плазматичната физика, растителната биотехнологија и предвидувањето и спречувањето на природните и на индустриските катастрофи. Меѓутоа, под раководство на Научниот комитет на NRC, нов фокус на соработката претставува примената на цивилната наука во одбраната против тероризмот и против новите видови закани, како што е откривањето експлозиви или испитувањето на социјалните и на психолошките последици од тероризмот. Проблемите во врска со заштитата на животната средина, коишто произлегуваат од цивилните и од воените активности, претставуваат уште една нова област на соработка во рамките на Комитетот за предизвиците на современото општество, воспоставен во рамките на NRC во 2003 година.

Мировни операции

Повеќе од седум години (се до повлекувањето од СФОР и на КФОР, летото 2003 година), Русија учествуваше со најголем контингент кој не е од составот на НАТО во рамките на мировните сили раководени од НАТО на Балканот, под мандат на ООН. Руските војници работеа заедно со своите колеги од НАТО и од партнерските земји, во поддршка на напорите на меѓународната заедница за изградба на трајна безбедност и стабилност во регионот.

Во јануари 1996 година руските мировници најпрво се распоредија во Босна и Херцеговина, како дел од мултинационалната бригада во северниот сектор, и беа одговорни за голема област, секојдневно спроведуваа патроли, безбедносни проверки, помагаа во реконструкцијата и вршеа хуманитарни задачи, помагајќи им на бегалците и на раселените лица да се вратат во своите домови.

Русија одигра многу важна дипломатска улога во ставањето крај на конфликтот на Косово, и покрај политичките разлики околу воздушната кампања на Косово во 1999 година. Нејзините трупи, кои беа распоредени во јуни 1999 година, беа интегрален дел од Силите за Косово се до нивното повлекување, и работеа на одржувањето на безбедноста во мултинационалните бригади, во секторите Исток, Север и Југ; беа вклучени во управувањето со Приштинскиот аеродром, заедно со контингентот на НАТО, и беа одговорни за воздушните движења и за обезбедувањето медицински услуги и објекти во Косово Поле.

Блиската соработка меѓу НАТО и Русија на Балканот имаше важна улога во подобрувањето на односите и во градењето на довербата меѓу руската и сојузничката војска. Заемната доверба што се изгради треба да обезбеди солидна основа за натамошно проширување на воената соработка. Исто така, во рамките на NRC е договорен и генеричен концепт за заеднички мировни операции, што развива заеднички приоди, воспоставува рамка за консултации, планирање и одлучување за време на кризи и ги дефинира прашањата поврзани со заедничката обука и со вежбите.

Посебно партнерство со Украина

> 8

Односот на НАТО со Украина се базира на важноста од независна, стабилна и демократска Украина и декларираната намера на земјата што повеќе да се интегрира во европските и во евроатлантските структури. Ова беше изразено во Повелбата за посебно партнерство, потпишана во 1997 година, што обезбедува формална основа за консултации со НАТО, во врска со евроатлантските безбедносни прашања, и формирање на Комисија на НАТО и Украина (NUC) којашто ќе раководи со активностите на соработката.

Односите меѓу НАТО и Украина датираат од 1991 година, кога Украина се приклучи кон Северноатлантскиот совет за соработка, веднаш по добивањето независност, односно по напуштањето на Советскиот Сојуз. Аспирациите на земјата за евроатлантска интеграција беа евидентни и подоцна, во 1994 година, кога стана првата земја од Заедницата на независни држави којашто се приклучи кон Партнерството за мир. Заложбите на Украина да даде свој придонес кон евроатлантската безбедност дојдоа до израз преку нејзината поддршка на НАТО и на сојузниците во мировните операции и во операциите на кризен менаџмент.

За да ја олесни соработката, Украина воспостави мисија во НАТО во 1997 година, а истата година во Киев беше формиран Центарот за информации и документација на НАТО, кој требаше да помогне во запознавањето со новото НАТО и во промовирањето на бенефициите коишто произлегуваат од партнерството меѓу НАТО и Украина. Во 1999 година, исто така во Киев, беше формирана и НАТО-Канцеларија за врски, како поддршка на напорите на Украина да спроведе реформи во одбраната и како поддршка на нејзиното учество во Партнерството за мир.

Во Прага во ноември 2002 година беа преземени чекори за значително продлабочување и проширување на односите меѓу НАТО и Украина, со донесувањето на Акциониот план на НАТО и Украина (*види во табелата)*.

Безбедносна соработка

НАТО и Украина активно соработуваат во одржувањето на безбедноста и стабилноста во евроатлантската област. Во изминативе години Украина со свои сили учествува на Балканот, каде што се распоредени пешадиски баталјон, механизиран пешадиски баталјон и хеликоптерска единица - во рамките на мировните сили под раководство на НАТО во Босна и Херцеговина, како и во операцијата на Косово, каде што е застапена со хеликоптерска единица, во рамките на заедничкиот полско-украински баталјон. Друг доказ за решеноста на Украина да даде свој придонес кон меѓународната стабилност е дозволата за надлетување на нејзиниот простор од страна на коалициските сили распоредени како дел од Меѓународните сили за безбедносна помош (ISAF) во Авганистан, каде што водечка улога имаат одделни сојузници и каде што НАТО ја презеде командата во август 2003 година. Исто така, како дел од мултинационалните сили под раководство на Полска, Украина распореди 1800 војници во еден од секторите на меѓународните сили за стабилизација во Ирак, кои вклучуваат мировници од неколку земји-членки или партнери на НАТО.

Поддршка на реформата

Преку совет и практична помош НАТО и поединечните сојузници ги поддржуваат напорите на Украина за постигнување на амбициозна агенда на реформи, воспоставена во Акциониот план на НАТО и Украина, и за реализација на со него поврзаните годишни целни планови. Иако останува да се направат уште многу работи, сепак е постигнат одреден напредок. Законодавните иницијативи помагаат во поставувањето на темелите за политички, економски и одбранбени реформи, а формирани се неколку владини структури кои треба да ја следат имплементацијата и координацијата на реформските напори.

Клучен приоритет е реформата во одбраната, област во којашто Украина може да учи од искуството и од експертизата на земјите-членки на НАТО. Моменталните приоритети на НАТО се да се развие нов безбедносен концепт и воена доктрина и да се подготви сеопфатен преглед на одбраната. Соработката меѓу НАТО и Украина се фокусира на зајакнување на демократската и на цивилната контрола на оружените сили, преку подобрување на интероперабилноста со силите на НАТО и помош на Украина во нејзините напори да го трансформира своето пост-советско наследство - од голема, крајно тешка и лошо опремена структура на силите, во една помала, современа и поефикасна сила што ќе биде способна да одговори на своите безбедносни потреби и да даде активен придонес кон европската стабилност и безбедност.

Заедничката работна група за реформа во одбраната (JWGDR) овозможува консултации и практична соработка по прашањата како што се буџетот и планирањето на одбраната, намалувањето на војската и нејзина пренамена, односно премин од регрутни на доброволни сили, и цивилно-воените односи. НАТО, исто така, промовира и обука на високи офицери за поддршка на процесот на трансформација на одбраната и помага во организирањето на програмите за преквалификација, со цел да се олесни преминот на распуштениот воен персонал на Украина во цивилен живот. Воениот комитет со Украина ја надополнува работата на JWGDR, со тоа што обезбедува стручна помош во различни области кои ја поддржуваат воената соработка со Украина, во рамките на Воениот работен план на НАТО и на Украина. Помошта на поединечни сојузници во проектите за демилитаризација, во насока на безбедно уништување на украинските резерви на мини, се врши преку Специјалниот фонд на ПзМ.

Во своите напори да ја подобри интероперабилноста, Украина - исто така - има корист од учеството во Партнерството за мир. Процесот за планирање и анализа на ПзМ ги идентификува клучните барања на одбранбеното планирање и широкиот спектар на ПзМ-активности и воени вежби кои му овозможуваат на украинскиот воен персонал да добие практично искуство од работата со силите на НАТО.

Поширока соработка

Украина има директна корист од соработката во рамките на планирањето на вонредните состојби од невоен карактер и од подготвеноста за дејствување во случај на несреќи. Во фокусот на активностите е да и се помогне на Украина, чиишто западни делови се изложени на тешки поплави, односно подобро да се подготви за такви вонредни состојби и поефективно да се справи со последиците од нив. ПзМ-вежбите, вклучувајќи ја и онаа што се одржа во Транскарпатскиот регион на Украина, во Масептември 2000 година, помагаат во настојувањето да се проверат процедурите што се применуваат при давањето помош во услови на природни непогоди. Исто така, земјите-членки на НАТО и другите партнери и помогнаа на Украина по тешките поплави во 1995, 1998 и во 2001 година.

Научната соработка со Украина започна во 1991 година. Оттогаш, учеството на Украина во научните програми на НАТО е второ по големина, по она со Русија. Соработката се зајакна следејќи ги насоките на Заедничката работна група за соработка во областа на науката и животната средина. Покрај примената на науката во одбраната од тероризмот и новите закани, во согласност со новата насока на научната програма на НАТО, моменталните приоритети на Украина за соработка во областа на науката и технологијата вклучуваат информативни технологии, ќелиска биологија и биотехнологија, нови материјали и регионална употреба на природните ресурси.

Акциониот план на НАТО и Украина

Акциониот план на НАТО и Украина од 2002 година претставува своевидна надградба на Повелбата од 1997 година, која и натаму претставува основа за нивните односи. Таа обезбедува стратегиска рамка за интензивирани консултации за политичките, економските и за одбранбените прашања и ги воспоставува стратегиските цели и приоритети на Украина на патот кон нејзината целосна интеграција во евроатлантските безбедносни структури. Тој ги поставува договорените принципи и цели, покривајќи ги политичките и економските прашања; информативните прашања; безбедносните, одбранбените и воените прашања; заштитата на информациите и на безбедноста и правните прашања.

Земјите-членки на НАТО ги поддржуваат реформите преку давање помош и советување. Меѓутоа, товарот на имплементацијата паѓа пред се врз Украина, со тоа што се инсистира на тоа енергично да го продолжи процесот на реформи, за да се зајакне демократијата, владеењето на правото, човековите права и пазарната економија. Посебен акцент се става на барањето да се постигне далекосежна трансформација во секторите на одбраната и безбедноста.

Годишните целни планови, вклучувајги и специфичните мерки на Украина, како и заедничките акции на НАТО и на Украина, ја поддржуваат имплементацијата на целите поставени во Акциониот план. Состаноците за проценка се одржуваат двапати годишно, а се подготвува и годишен извештај за она што е постигнато.

Дијалог со медитеранските земји

Неколку од јужноевропските членки на НАТО имаат граници на Медитеранот и затоа безбедноста и стабилноста на медитеранската област се од голема важност за Алијансата. Навистина, безбедноста на цела Европа е блиску поврзана со безбедноста и со стабилноста на медитеранскиот регион.

Од овие причини, во 1995 година НАТО започна нов дијалог со шест земји од јужниот дел на медитеранскиот регион, имено со Египет, Израел, Јордан, Мавританија, Мароко и со Тунис. Алжир стана учесник во февруари 2000 година. Медитеранскиот дијалог, како интегрален дел од кооперативниот приод на Алијансата во однос на безбедноста, има за цел да придонесе за безбедноста и за стабилноста во регионот, за да се постигне подобро заемно разбирање и да се поправат погрешните сфаќања за НАТО кај земјите вклучени во Медитеранскиот дијалог. Дијалогот ги надополнува другите – поврзани, но посебни - меѓународни иницијативи, како што се оние што ги презема Европската унија и Организацијата за безбедност и соработка во Европа.

Политички дијалог и практична соработка

Дијалогот обезбедува политички дијалог и практична соработка со земјите-учесници. На сите медитерански партнери им се нуди истата основа за дискусија и за заеднички активности, но нивото на учество варира од земја до земја, во зависност од нивните желби.

Политичкиот дијалог се состои од редовни билатерални политички дискусии на амбасадорско ниво. Тие овозможуваат размена на гледиштата по цел спектар прашања коишто се релевантни за безбедноста на Медитеранот, како и за идниот развој на Дијалогот. Исто така, се одржуваат мултилатерални состаноци на Северноатлантскиот совет со седумте земји од Дијалогот, со цел да се подготват извештаи за активностите на НАТО и да се разменат гледишта за важни настани. Овие состаноци обично се одржуваат по секој министерски состанок и самит на НАТО или во случај кога ќе се појават вонредни услови. На 23 октомври 2001 година, на пример, беше одржан состанок со медитеранските партнери во врска со одговорот на НАТО на терористичките напади од 11 септември.

Практичната соработка е организирана преку годишна работна програма. Ова вклучува покани на функционерите од земјите од Дијалогот да учествуваат на курсевите во Школата на НАТО во Обермамергау и на НАТО-колеџот за одбрана во Рим, Италија. Таквите курсеви опфаќаат прашања што се однесуваат на чувањето на мирот, контролата на вооружувањето, напорите против пролиферацијата на оружје за масовно уништување, заштитата на животната средина, цивилно-воената соработка при вонредни состојби од невоен карактер и европската безбедносна соработка.

Другите активности вклучуваат посети на НАТО од страна на лидери, академици, новинари и парламентарци од земјите од Дијалогот. Дополнително, дијалогот промовира научна соработка преку научната програма на НАТО. Од 2000 година повеќе од 800 научници од земјите од Дијалогот учествувале во научните активности спонзорирани од страна на НАТО.

Поопераативните аспекти на воената димензија на програмата обезбедуваат можности за

официјалните претставници од земјите од Дијалогот да ги следат ПзМ-вежбите, да посетуваат семинари и работилници организирани од страна на Стратешките команди и да го посетат воениот штаб на НАТО. Дополнително, Постојните поморски сили на НАТО во Средоземно Море посетуваат пристаништа во земјите од Дијалогот. Во 2002 година, 300 официјални претставници од земјите од Дијалогот учествуваа во повеќе од педесет различни активности организирани во рамките на воената програма што ја нуди НАТО.

Три од медитеранските партнери – Египет, Јордан и Мароко – во минатото учествуваа во мировните мисии на Балканот, под раководство на НАТО. До мај 2002 година, само Мароко имаше свои војници кои служеа во СФОР и во КФОР.

Процес што еволуира

Дијалогот се развива во смисла на учеството и на содржината. Оваа флексибилност овозможува неговата содржина да еволуира, а бројот на партнерите на Дијалогот со текот на времето да расте. Со текот на годините политичките дискусии станаа се почести и поинтензивни. Практичната димензија значително се прошири по започнувањето на Дијалогот и сега покрива поголем дел од активностите во коишто учествуваат и други земји-партнери.

Формирањето на Групата за медитеранска соработка во 1997 година на Дијалогот му даде нова и подинамична насока. Таа обезбедува форум во кој можат да се разменуваат гледишта меѓу земјите-членки на НАТО и земјите од Дијалогот. На Вашингтонскиот самит во 1999 година беа преземени дополнителни чекори за унапредување на политичките и на практичните димензии на Дијалогот, со зголемување на можностите за зајакнување на соработката во областите каде што НАТО може да донесе поголема вредност, особено на полето на војската и во другите области за коишто земјите од Дијалогот изразиле интерес.

По 11 септември земјите-членки на НАТО и земјите на Дијалогот се состануваат многу почесто, заради консултации со Северноатлантскиот совет - на индивидуално ниво и како група. Надградувањето на иницијативата беше објавено на Самитот во Прага, во ноември 2002 година. Лидерите од Алијансата се договорија за пакетот-мерки за зголемување на политичките и на практичните димензии на Дијалогот, со што зајакнувањето и продлабочувањето на оваа врска стана приоритет на Алијансата.

Овие мерки вклучуваа поредовен и поефективен процес на консултации, идентификација на пофокусирани активности и поприспособен приод кон соработката. Покрај продлабочувањето на постоечките области на соработка, беа предложени и нови. Тие вклучуваат специјално селектирани активности за подобрување на способноста на земјите од Дијалогот да земат учество во операциите на НАТО за реакција на криза, кои не потпаѓаат под член 5, во реформите во одбраната и во одбранбената економија, во консултациите во врска со тероризмот и пограничната безбедност, како и во менаџментот на елементарните непогоди. Имплементацијата на овие мерки ќе помогне во трансформирањето на природата на односите меѓу земјите-членки на НАТО и земјите од Дијалогот. Исто така, се генерираат опции за поамбициозна и поширока рамка на Медитеранскиот дијалог, кои би се разгледале за време за следниот самит на НАТО, во Истанбул 2004 година.

Еден од поважните аспекти на трансформацијата на НАТО е одлуката за преземање операции за поддршка на мирот и за кризен менаџмент во евроатлантската област и подалеку. На Балканот, каде што НАТО за првпат презеде ангажман во 1995 година, нестабилноста и конфликтот се директни предизвици за безбедносните интереси на овие земји, како и пошироко, за европскиот мир и стабилност. Неодамна, со својот мировен ангажман во Авганистан, Алијансата покажа дека е подготвена да одговори на безбедносните предизвици надвор од традиционалните области на одговорност.

Исто така, инволвираноста на НАТО во таквите операции побара повеќе контакти и соработка со земјите кои не се членки на НАТО, а испраќаат свои трупи, како и со другите организации. Ова дава пример за видот на безбедносната соработка којашто е потребна денес, кога клучно значење имаат блиските работни односи со меѓународните и со невладините организации и со земјите кои не се членки на НАТО, како оние кои учествуваат во Партнерството за мир.

Босна и Херцеговина

Поддржувајќи ги напорите на ООН за ставање крај на војната во Босна во периодот од 1992 до 1995 година (*види во Глава 4*), НАТО, шест дена по потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор, на 14 декември 1995 година, во Босна и Херцеговина распореди мултинационални Сили за имплементација (ИФОР) со мандат на ООН, кои требаше да работат на имплементацијата на воените аспекти на мировниот договор. Нивната мисија беше да обезбедат крај на непријателствата; да ги раздвојат оружените сили на новосоздадените ентитети во земјата разорена од војната (Федерацијата на Босна и Херцеговина и Република Српска) и да трансферираат територија меѓу двата ентитета. ИФОР ја заврши својата работа во рок од една година и беа заменети со помали Сили за стабилизација (СФОР), во декември 1996 година.

Покрај одвраќањето од обновување на непријателствата и промовирањето на клима во којашто мировниот процес би можел да оди напред, мисијата на СФОР беше проширена, со цел да вклучи поддршка за цивилните агенции инволвирани во напорите на меѓународната заедница за изградба на траен мир во земјата. Мировните трупи им помагаат на бегалците и на раселените лица да се вратат во своите домови и придонесуваат кон реформите на босанските воени сили. Исто така, СФОР се активни во фаќањето на обвинетите за воени злосторства и во нивното проследување до Меѓународниот суд за воени злосторства за поранешна Југославија, во Хаг.

Со подобрувањето на безбедносната ситуација, бројот на трупите постепено се намалува. До пролетта 2004 година, СФОР се состоеше од околу 7.000 војници, што е значително помалку во споредба со 60.000 кои беа распоредени во рамките на ИФОР, а тоа го отсликува напредокот на Босна и Херцеговина во насока на постигнување на самоодржлив мир. Се проценуваат опциите за идната големина и структура на СФОР, вклучително и можното завршување на операцијата до крајот на 2004 година, со можна транзиција во сили под раководство на ЕУ, иако НАТО ќе го одржи присуството во земјата.

Косово

Во текот на 1998 година отворениот конфликт во југословенската покраина Косово, во којашто доминантно население се етничките Албанци, беше причина повеќе од 300.000 луѓе да ги напуштат своите домови. Белград ги игнорираше бројните барања на меѓународната заедница за повлекување на српските сили и за соработка, со цел да се стави крај на насилството и да се овозможи враќање на бегалците. Кога НАТО се закани со употреба на воздушни напади, во октомври 1998 година, југословенскиот претседател Слободан Милошевиќ се согласи да одговори на барањата и воздушните напади беа отповикани. Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) испрати набљудувачи, а НАТО спроведе воздушно набљудување и распореди воено-тактички сили во Поранешната Југословенска Република

Македонија*, кои беа подготвени за евакуација на ОБСЕ, доколку се појави ризик од обнова на конфликтот.

Насилството повторно се разгоре во почетокот на 1999 година. Српските сили ги интензивираа своите операции. Интензивните и концентрирани меѓународни дипломатски напори за решавање на конфликтот не постигнаа успех. Набљудувачката мисија на ОБСЕ се повлече во март, а неколку дена по повлекувањето на ОБСЕ како последно средство беше иницирана сојузничката воздушна кампања против цели во Сојузна Република Југославија. Беа потребни 78 дена воздушни напади за да се принуди режимот на Милошевиќ да стави крај на својата репресија и да се согласи со барањата на меѓународната заедница. НАТО се држеше заедно, обидувајќи се да удри само по режимот и по воените цели и водејќи сметка да ги сведе на минимум цивилните жртви. Во исто време, сојузничките сили помогнаа во олеснувањето на бегалската криза во соседните земји, Албанија и Поранешната Југословенска Република Македонија*, каде што бројот на бегалците - етнички Албанци достигнаа 445.000 (во Албанија) и 330.000 (во Поранешната Југословенска Република Македонија*). Исто така, се веруваше дека околу 400.000 Албанци беа раселени во внатрешноста на Косово.

По финализирањето на Воено-техничкиот договор меѓу НАТО и југословенските команданти, Силите за Косово (КФОР), под раководство на НАТО, се распоредија во покраината, под мандат на ООН. Нивната мисија беше да ги спречат можностите за обновување на насилствата, да воспостават безбедна средина и демилитаризација на Косовската ослободителна армија, како и поддршка на меѓународните хуманитарни напори и на работата на Времената административна мисија на ООН во Косово (УНМИК).

Во полна сила, во почетокот КФОР броеше околу 43.000 војници. Со постепеното намалување на трупите оваа цифра е намалена речиси за половина. Во јуни 2003 година силите на КФОР се состоеја од трупи од повеќето земји-членки на НАТО, 15 земји-партнери и од силите на три други земји - Аргентина, Мароко и Нов Зеланд.

По распуштањето на Косовската ослободителна армија, КФОР собра и уништи значително количество мало оружје и помогна во формирањето на Косовскиот заштитен корпус, локални цивилни сили кои операираат под надлежност на УНМИК и под секојдневна контрола на КФОР. Трупите на КФОР, исто така, патролираат по должината на косовските граници и на прекуграничните премини и ги чуваат клучните локации. Значителен број луѓе се ангажирани во заштитата на српското население коешто се врати во покраината.

Во блиска соработка со УНМИК, КФОР помага во градењето безбедна средина во којашто сите граѓани, без оглед на нивното етничко потекло, можат да живеат во мир и во која може да се негува развој на демократијата со меѓународна помош. Ова ќе биде тешка и долгорочна задача. Но, цивилната реконструкција е во тек и сега повторно се воспоставени мерки на безбедност и за нормализација на животот на локалното население.

Јужна Србија

Во почетокот на 2001 година НАТО, Европската унија и ОБСЕ спроведуваа усогласена стратегија за спречување на конфликтите, со цел да помогнат во изнаоѓањето мировни решенија за оруженият конфликт во Јужна Србија, кој претставуваше закана за стабилноста во регионот. Проблемите почнаа кон крајот на 2000 година во Прешевската долина, каде што

бројната албанска заедница остана под директна српска власт, без соодветни политички и социјални права. Лесно вооружени албански борци започнаа серија напади врз српските безбедносни сили во безбедносната зона – пет километри широка тампон-зона по должината на внатрешната граница на Косово со Србија - во која Југословенската војска немаше пристап и која беше надгледувана од Силите за Косово под раководство на НАТО, според условите дадени во Воено-техничкиот договор меѓу Алијансата и Југословенската армија.

Конфликтот што брзо ескалираше претставуваше сериозен безбедносен ризик со директни импликации за Косово. Беше неопходно политичко решение коешто ќе гарантира поголеми права за етничките Албанци во Јужна Србија и зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на Сојузна Република Југославија.

За време на пролетта 2001 година серијата контакти на високо ниво меѓу НАТО и новата југословенска Влада во Белград доведоа до тоа НАТО да се согласи на постепено и прогресивно намалување на безбедносната зона, за да и дозволи на Југословенската армија повторно да воспостави контрола врз областа. За возврат, од Владата во Белград се бараше да воведе низа мерки за градење доверба, што очигледно ги убеди етничките албански борци да го остават оружјето. Тимот на НАТО, придружуван од претставник на ЕУ, помогна во преговорите за прекин на огнот и воспостави директни канали за комуникација меѓу српските власти и оружените групи на етничките Албанци.

Беа договорени широк пакет мерки со кои требаше да се овозможи брза интеграција на етничките Албанци во политичките и во административните структури во регионот и враќање на бегалците. Меѓународната заедница ја следеше и ја помагаше имплементацијата. ОБСЕ воспостави програма за обука на мултиетничките полициски сили за нивно распоредување во доминантно албанските села, кои претходно беа во рацете на бунтовниците, и помогна во организирањето на локалните избори во август 2002 година, за да се осигура фер и рамноправна застапеност на етничките групи.

Поранешна Југословенска Република Македонија*

Од 2001 година, силите на НАТО презедоа јасно дефинирани мисии на кризен менаџмент во Поранешната Југословенска Република Македонија*, по барање на Владата. Внатрешните немири избувнаа пролетта 2001 година, кога оружени групи етнички Албанци ги предизвикаа властите. НАТО ги осуди оружените

напади и ја зајакна контролата по должината на границата со Косово, залагајќи се кај Владата да спроведе уставни реформи со кои ќе се одговори на албанските негодувања, при што клучна улога одигра генералниот секретар на НАТО.

Во јуни НАТО се согласи со формалното барање на воена помош за демилитаризација на т.н. Национална ослободителна армија на етничките Албанци, под услов да се постигне прекин на огнот и да се договори мировен план. Во август се постигна Рамковен договор, кој го отвори патот за НАТО да испрати 3.500 војници во триесетдневна мисија за разоружување на оружените групи етнички Албанци.

Кон крајот на септември, по завршувањето на оваа мисија, од НАТО беше побарано да задржи дел од своите сили во земјата, за да придонесе кон заштитата на набљудувачите на ЕУ и на ОБСЕ кои ја следеа имплементацијата на Рамковниот договор. За потребите на оваа операција беа распоредени околу 700 војници на НАТО, кои му се придружија на малиот контингент на НАТО трупи кои веќе беа во земјата, со цел да ги обезбедат линиите на комуникација и логистика на КФОР. Оваа операција на НАТО беше прекината во март 2003 година, кога одговорноста за мисијата помина во рацете на Европската унија, благодарение на договорите меѓу НАТО и ЕУ кои дозволуваат употреба на воените средства и на капацитетите на НАТО за операции под раководство на ЕУ (*види во Глава 2*). Од 15 декември 2003 година, благодарение на успешно постигнатата стабилизација на ситуацијата, воената операција под раководство на ЕУ беше завршена и заменета со цивилна и со полициска операција на ЕУ.

Авганистан

Во август 2003 година НАТО ја презеде одговорноста за Меѓународните сили за безбедносна помош (ИСАФ) IV во Авганстан, кои требаа да им помогнат на авганистанските преодни власти во создавањето на безбедна средина за граѓаните на Кабул и околната област. Земјата се обидуваше да се поврати по дведецениската граѓанска војна и неодамнешното деструктивно владеење на *Талибанот*, кој им даваше прибежиште на терористите.

ИСАФ се меѓународни сили со мандат на ООН, кои беа формирани на крајот од 2001 година. Со првата мисија раководеше Обединетото Кралство, а во мисијата беа вклучени и сили од други земји, повеќето членки на НАТО. Потоа со ИСАФ II раководеше Турција, а со ИСАФ III раководеа Германија и Холандија. Оригиналниот мандат ги ограничуваше операциите на ИСАФ во Кабул и неговото опкружување, меѓутоа во октомври 2003 година, со Резолуцијата на Советот за безбедност на ООН, се донесе одлука за проширување на операциите и надвор од Кабул.

НАТО се согласи да ја прошири својата мисија пошироко во рамките на Авганистан, особено преку привремено распоредување на сили надвор од Кабул и преземање на воената команда со значителен број од Провинциските тимови за реконструкција (PRT), кои помагаа во стабилизацијата на регионот. Почнувајќи со поддршката на PRT под германско раководство во Кундуз, ИСАФ постепено ќе ја проширува својата улога, со поддршка на други PRT. Авганстан се соочува со многу сериозни предизвици, додека меѓународната заедница работи на тоа да им помогне на Авганистанците да ја обноват својата земја. Алијансата е решена да остане во Авганистан се додека е потребно. До следниот самит на НАТО, 2004 година во Истанбул, во соработка и со консултации со другите меѓународни организации и со авганистанските преодни власти, треба да се развие сеопфатна стратегија за ангажманот на НАТО во Авганистан.

Реакција на вонредни состојби од невоен карактер

Сите земји се одговорни за тоа да обезбедат - на национално ниво - планови за справување со вонредни состојби, како што се несреќи при коишто дошло до истурање на хемикалии или токсични супстанци, лавини, поплави и земјотреси, или за управување со последиците од терористички напади. Меѓутоа, несреќите - било да се предизвикани од човечки фактор или, пак, станува збор за природни непогоди - не признаваат меѓународни граници, па затоа е неопходна соработка и планирање на меѓународно ниво.

Соработката меѓу земјите-членки на НАТО се одвива на планот на планирање на активностите во случај на вонредни состојби од невоен карактер. Од неодамна, оваа соработка е проширена и ги вклучува и земјите-партнери. Главниот напредок е постигнат во начинот на кој се организираат ресурсите за справување со вонредните состојби во евроатлантската област.

Координација во рамките на НАТО

Ефективната реакција во случај на непогоди бара координација на транспортот, медицинските ресурси, комуникациите, капацитетите за реакција на непогодите и на другите цивилни ресурси. НАТО има важна улога во хармонизацијата на планирањето меѓу своите земји-членки, со цел да обезбеди дека плановите ќе функционираат тогаш кога ќе биде потребно и дека ресурсите од коишто зависат ќе бидат достапни.

Во рамките на НАТО, механизмот што се користи за координирано планирање на ова поле се состои од серија одбори и комитети за планирање кои работат под генерални насоки на Високиот комитет за планирање на вонредни состојби од невоен карактер. Овие тела редовно ги собираат експертите од националните влади, индустријата и војската заради координирано планирање во врска со копнениот транспорт во Европа, прекуокенскиот транспорт, цивилната авијација, храната и земјоделството, индустриското производство и снабдувањето, поштенските услуги и телекомуникациите, медицинските прашања, цивилната заштита и производството и снабдувањето со нафта.

Поширока соработка

Денес искуството и стручноста на Алијансата во планирањето на вонредните состојби од невоен карактер е пошироко достапно и во исто време го искористува знаењето и капацитетите на другите земји кои учествуваат во Евроатлантскиот партнерски совет. Се поголем број земји-членки на НАТО се активно инволвирани во конкретни форми на соработка во работата на одборите и комитетите за планирање, а во 1998 година беше формиран и Евроатлантскиот координативен центар за реакција при елементарни непогоди *(види во табелата)*.

Планирањето на активностите во случај на вонредни состојби од невоен карактер е, исто така, важен аспект на општите програми за соработка со земјите-партнери, кои ја сочинуваат најголемата невоена компонента на активностите во рамките на Партнерството за мир. Таквите активности вклучуваат семинари, работилници, вежби и курсеви за обука кои ги обединуваат цивилниот и воениот персонал од различни нивоа на локалните, регионалните и на националните власти. Други меѓународни организации, како што се Канцеларијата на ООН за координација на хуманитарните прашања и Високиот комесар на ООН за бегалци, Меѓународната агенција за атомска енергија и Европската унија се, исто така, важни учесници, бидејќи се невладини организации кои нудат помош.

Настаните од 11 септември 2001 ја покажаа крајната неопходност од соработка во подготовката за можни терористички напади врз цивилното население, со користење на хемиско,

биолошко, радиолошко или нуклеарно (CBRN) оружје. Акциониот план на Партнерството за борба против тероризмот, објавен на Самитот во Прага, во ноември 2002 година, го охрабрува споделувањето на информациите и учеството во планирањето на вонредните состојби од невоен карактер, за да се проценат ризиците и да се намали ранливоста на цивилното население поради тероризам или употреба на оружје за масовно уништување. НАТО и неговите партнери работат на подготовката на листата на националните капацитети што би биле на располагање во случај на таков напад. Исто така, договорен е и Акциониот план за планирање на вонредни состојби од невоен карактер, за тоа како да им се помогне на националните власти за да ја подобрат својата цивилна подготвеност при терористички напади со CBRN оружје. Исто така, иницирани се и дискусии за соодветните улоги и капацитети на НАТО и на Европската унија на полето на планирањето на вонредни состојби од невоен карактер.

Евроатлантски капацитети за реакција при елементарни непогоди

Потребата за покоординирани евроатлантски капацитети за реакција при елементарни непогоди е причина за воспоставување на Евроатлантскиот координативен центар за реакција при елементарни непогоди (EADRCC) при седиштето на НАТО, во јуни 1999 година, а по предлог на Русија. Центарот дејствува како централно место за споделување на информациите и ги координира реакциите на земјите-членки на НАТО и партнерите во случај на елементарни непогоди во евроатлантската област. Тој, исто така, организира и големи вежби на кои се извежбуваат реакции на симулирани ситуации на природни елементарни непогоди и непогоди предизвикани од човечки фактор.

EADRCC помогна во хуманитарните операции за помош за време на косовската бегалска криза и заврши голема работа за време на големите поплави во Украина, Романија, Унгарија, Албанија и во Чешка; за време на земјотресот во Турција во 1999 година; шумските пожари во Поранешна Југословенска Република Македонија* и во Португалија; и при екстремните временски услови во Украина и во Молдавија.

Центарот блиску соработува со агенциите на ООН кои имаат водечка улога при реакција на меѓународни елементарни непогоди – со Канцеларијата на ООН за координација на хуманитарните прашања и со Канцеларијата на Високиот комесар на ООН за бегалци, како и со другите организации.

Земјите се охрабруваат да развиваат билатерални или мултилатерални договори, за да одговорат на прашањата како што се: регулативата во врска со визите, прекуграничните договори, договорите за транзит, царинската проверка и статусот на персоналот. Таквите мерки помагаат за да се избегнат бирократските одолжувања при испраќањето помош и тимови на местото на несреќата.

Исто така, постојат и договори за Евроатлантската единица за реакција при елементарни непогоди, која се состои од мешавина на национални елементи што треба да се воспостават тогаш кога тоа ќе биде побарано и да се испратат на местото на несреќата.

Соработка во областа на науката и животната средина

Постојат две посебни програми на НАТО кои ги обединуваат научниците и експертите на редовна основа кои треба да работат на решавање на проблемите од заеднички интерес - цивилната научна програма на Научниот комитет на НАТО и програмата за животната средина и општеството на Комитетот за предизвиците на современото општество (CCMS). Мрежите што се создадени како резултат на соработката меѓу научниците и потребата од научен напредок, исто така, ја исполнуваат политичката цел за градење на разбирање и доверба меѓу заедниците од различни култури и традиции.

Научната програма што постои повеќе од 45 години од неодамна е пренасочена и се фокусира исклучиво на приоритетните теми за истражување во одбраната од тероризам или за спротивставување на другите закани по безбедноста. Во насока со иницијативите на Алијансата за спротивставување на новите закани, цивилната научна програма на НАТО сега ја концентрира својата поддршка за соработка на темите во овие области. За да се отслика оваа фундаментална промена на програмата, избрано е ново име за програмата, и таа сега е позната како програма на НАТО за “Безбедност преку науката”.

CCMS работи на проблеми од областа на животната средина и општеството, со тоа што ги обединува националните агенции да соработуваат на пилот-студиите во овие области. Тој неодамна дефинираше низа клучни цели поврзани со безбедноста, по кои треба да се водат во својата идна работа. Програмата ја унапредува соработката меѓу НАТО и партнерите во справувањето со проблемите од заеднички интерес.

Покрај промовирањето на клучните активности на соработка меѓу научниците и експертите од земјите-членки на НАТО и партнерите, специјалните иницијативи на обата комитета се залагаат за поголема соработка со научните и со еколошките заедници во Русија, Украина и земјите од Медитеранскиот дијалог.

Наука за безбедност, стабилност и солидарност

Научната програма на НАТО датира од педесеттите години на минатиот век, кога се сметаше дека напредокот во науката и технологијата е мошне важен за иднината на атлантската заедница. Затоа беше воспоставена програма за промовирање на научната соработка и во наредните 40 години беше поддржана соработката меѓу научниците од земјите-членки на НАТО и беа воспоставени високи стандарди за научна извонредност.

Од почетокот на деведесеттите години, по се до завршувањето на Студената војна, програмата постепено се отвораше и во неа можеа да учествуваат и земји кои не беа членки на НАТО, а

во 1999 година таа беше целосно изменета, во насока на поддршка на соработката меѓу научниците во земјите-членки на НАТО и оние од земјите-партнери или од земјите кои беа вклучени во Медитеранскиот дијалог. Се разбира, во фокусот на вниманието беше промовирањето на напредокот и мирот во креирањето на врските меѓу научниците во овие заедници, коишто претходно беа разделени.

Од 2004 година се воведе уште една значајна измена во програмата, како резултат на новата закана од тероризмот и другите закани по безбедноста на современиот свет. Во иднина, програмата ќе понуди поддршка за соработка само во приоритетните теми за истражување, и тоа во две области; "Одбраната против тероризмот" и "Спротивставување на другите закани по безбедноста".

Целта на новата програма "Безбедност преку наука" е да се придонесе за безбедноста, стабилноста и за солидарноста меѓу народите, со примена на науката во решавањето на проблемите. Соработката, вмрежувањето и градењето капацитети се средствата што се користат за да се оствари оваа цел. Се нудат различни видови грантови за научниците кои работат во земјите-членки на НАТО, земјите-партнери и земјите од Медитеранскиот дијалог, со цел да соработуваат меѓу себе во рамките на приоритетните истражувања. Грантови се нудат и со цел да им се помогне на

Виртуелен пат на свилата

Најголемиот и најамбициозен проект што го спонзорира Научната програма на НАТО беше иницира во октомври 2001 година. Насловен како "Виртуелен пат на свилата" – референца за Патот на свилата што ја поврзувал Европа со Далечниот Исток, промовирајќи размена на стоки, знаења и идеи – проектот обезбедува компјутерско поврзување и Интернет пристап на академските и на научните заедници во осум земји од Јужен Кавказ и Централна Азија.

Ерменија, Азербејџан, Грузија, Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан и Узбекистан се наоѓаат на границата на европската Интернет арена, но нивото на нивниот развој е такво што во блиска иднина нема да можат да си дозволат фибер-оптичка врска.

Преку овој проект на НАТО, академските и научните заедници од земјите-учеснички се поврзани со Интернет преку најсовремена сателитска технологија, со заеднички сателитски зрак. Грантот на НАТО финансира сателитски опсег и инсталација на девет сателитски антени – осум мали во земјите, поврзани за големата антена во Хамбург, Германија, којашто служи како европски центар. На сличен начин помагаат и други коспонзори.

Во 2003 година беше донесена одлука за проширување на мрежата на "Виртуелниот пат на свилата" кон Авганистан, со инсталирање на копнена сателитска станица во Кабул.

земјите-партнери при воспоставувањето на основната инфраструктура за компјутерска мрежа.

Цивилната наука се докажа како крајно ефективно средство за меѓународен дијалог поради својата универзалност и својата способност да креира нови и високоефективни меѓународни мрежи. Талентот што е собран во овие научни мрежи може да се примени за заканите што се појавуваат против Алијансата. Науката може да се смета како средство за изнаоѓање одговори на критичните прашања и како начин за поврзување на народите.

Соочување со предизвиците на современото општество

CCMS беше формиран во 1969 година, со цел да одговори на загриженоста во врска со прашањата поврзани со животната средина. Тој обезбедува форум на експерти од различни национални агенции, кои ги споделуваат своите знаења и искуства за техничките, научните и за стратегиските аспекти на социјалните и на еколошките прашања - како во цивилниот, така и во воениот сектор.

Проектите што се спроведуваат под покровителство на CCMS промовираат соработка во работата на проблемите кои влијаат врз животната средина и квалитетот на живеењето, како што се загадувањето на животната средина и бучавата, урбаните проблеми, енергијата, здравјето на луѓето и еколошките проблеми поврзани со одбраната. Во последнава сфера на типични области за истражување влегуваат прашањата како што се: користењето на земјиштето коешто претходно било користено за потребите на војската, методологијата на чистење и еколошката безбедност, на пример, во однос на нафтоводите.

CCMS работи на децентрализирана основа, вклучувајќи ги активностите како што се: пилот-студии, проекти, работилници и семинари - сите финансирани на национално ниво. Една или повеќе земји имаат водечка улога и ја преземаат обврската да ја планираат и да ја координираат работата. Последниве години активностите се проширени, така што вклучуваат и работилници и нови студии за теми што се од посебен интерес за земјите-партнери.

CCMS, исто така, дефинираше низа клучни цели за својата идна работа, а тоа се: намалување на последиците по животната средина, како последица од воените активности; спроведување на регионални студии, вклучувајќи и прекугранични активности; спречување на конфликтите поврзани со недостиг од ресурси; осврт на ризиците по животната средина и по општеството коишто можат да предизвикаат економска, културна и политичка нестабилност; и осврт на нетрадиционалните облици на закана по безбедноста.



Ранливоста на меѓусебно поврзаното општество

Денешното општество е поранливо отколку порано, пред се поради се поголемата меѓусебна поврзаност на сите нивоа. Поотворената глобална заедница, посложените технолошки системи, поголемата зависност од електронските информации и од комуникациските системи, испреплетените системи за производство и за доставување на храна, меѓусебно поврзаните и се погусти транспортни системи – сево ова ги зголемува новите манифестации на ранливост кои постојано се менуваат. На пример, прекинот во телекомуникациските врски и во снабдувањето со електрична енергија за одреден временски период може да предизвика големо нарушување. А по 11 септември 2001 година загриженоста од нетрадиционалните терористички закани, како што се употребата на биолошко оружје или кибернетичката војна, уште повеќе се зголемија.

Зачувувањето на безбедноста и заштитата на општеството од широк спектар предизвици бара соработка и координација на активностите на различни агенции во повеќе области - како на национално, така и на меѓународно ниво. Ова беше согледано во американската кампања против тероризмот, којашто вклучуваше не само воена, туку и дипломатска, финансиска, економска, разузнавачка, царинска и полициска соработка.

Во март 2001 беше инициран краткорочен проект под покровителство на CCMS со кој требаше да се разгледаат заедничките предизвици и да се идентификуваат областите на поголема меѓународна соработка, за да се намали ранливоста на сложените независни системи кои се од витално значење за функционирањето на современото општество. Водечка улога во овој проект има Норвешка, а во него се вклучени и Данска, Грузија, Унгарија, Литванија, Молдавија, Полска, Романија, Шведска, Швајцарија, Турција, Украина, Обединетото Кралство и САД.

Како функционира НАТО

НАТО не е супранационална, туку меѓувладина организација. Тоа е сојуз на независни суверени држави кои се обединиле водени од интересот за заедничка безбедност и за одбрана на заедничките вредности. Одлуките се постигнуваат врз основа на консензус.

За да се помогнат консултациите, во седиштето на НАТО во Брисел секоја земја-членка е претставена со постојана делегација, што се состои од постојан претставник, кој е шеф на делегацијата, и од воен претставник. Секој од нив е поддржан од персонал на цивилни и воени советници, кои ги претставуваат своите земји во различни комитети.

Во рамките на НАТО се воспоставени посебни цивилни и воени структури кои треба да се справат со политичките и со воените димензии на работата на Алијансата. Обете структури го поддржуваат Северноатлантскиот совет, највисокото тело на НАТО коешто одлучува.

Консензус и заедничка согласност

Алијансата се заснова на заедничката заложба за заемна практична соработка по прашањата од областа на одбраната и безбедноста. Во НАТО не постојат процедури за гласање, а одлуките се носат врз основа на консензус или заедничка согласност. Тоа значи дека политичките консултации се важен дел од процесот на одлучување. Сите тела на НАТО се состојат од претставници на земјите-членки, чијашто улога се состои во тоа да го претстават гледиштето на својата земја пред сојузниците и да ги известат своите влади за ставовите на другите сојузници.

Иако политичките консултации во НАТО претставуваат основна компонента на кризниот менаџмент и затоа честопати се поврзани со периоди на тензии и потешкотии, тие се и секојдневна активност којашто им овозможува на земјите-членки да го истражат просторот за постигнување договор и за формулирање на долгорочните политики. Консултациите можат да се реализираат во повеќе различни форми. Тие можат да вклучуваат едноставно споделување или размена на информации и мислења; информирање за акции или за одлуки што ги донеле или ќе ги донесат владите, а кои можат да влијаат врз интересите на нивните сојузници; навремено предупредување за активностите или за одлуките на владите и можност другите да ги прокоментираат или да ги прифатат; одлука со цел да се постигне консензус за политиките кои ќе бидат донесени или за акциите што ќе бидат спроведени паралелно; или консултации дизајнирани така што ќе им овозможат на земјите-членки да се согласат со колективните одлуки или со заедничката активност.

Процесот на консултации е континуиран. Со оглед на фактот дека претставниците на земјите-членки се лоцирани во истото седиште во Брисел, консултациите меѓу сојузниците можат да се случат по барање на секој од нив, или по иницијатива на генералниот секретар на НАТО, за кратко време. Машинеријата за консултации обезбедува постојан дијалог и голем број можности за разговор и за објаснување за она што ги загрижува.

Понекогаш земјите-членки целосно се согласуваат, па донесувањето на одлуките не претставува никаков проблем. Понекогаш постои мнозинско гледиште, но една или повеќе земји имаат поинакво гледиште. Во таков случај се прават напори да се намали јазот и, доколку е потребно, да се постигне компромис. Секако, можно е и тоа да не се успее во настојувањето да се надминат разликите. Во таков случај одделни земји-членки се слободни да го следат претпочитаниот тек на активностите. Ниту една земја-членка не е принудена да презема активности или да носи одлуки против сопствената волја. Меѓутоа, општо гледано, и покрај различните мислења, духот на компромис и чувството на заеднички интереси и цели обезбедува доволно заедничка основа за да се постигне договор. Откако ќе се донесат, одлуките на Алијансата ја претставуваат заедничката одлучност на сите инволвирани земји.

Цивилната структура на НАТО

Најважното тело коешто носи одлуки е Северноатлантскиот совет, кој е одговорен за сите одлуки на НАТО. Тоа е единственото тело формирано со Северноатлантскиот договор. Советот е, пред се, политички форум што ги обединува претставниците на сите земји-членки, за да дискутираат за прашањата поврзани со политиката и за оперативните прашања. Тој може

да се состанува на различни нивоа - вообичаено, најмалку еднаш неделно, со амбасадорите од сите земји, најмалку двапати годишно со министрите за надворешни работи и за одбрана, а повремено и со шефовите на држави и влади. Без оглед на тоа на кое ниво се состанува, неговите одлуки имаат подеднаков авторитет и ги отсликуваат гледиштата на секоја влада. Советот најчесто ги разгледува прашањата што се од заеднички интерес или прашања коишто бараат колективни одлуки, но не постојат ограничувања за предметите за коишто може да се разговара.

Комитетот за планирање на одбраната работи на повеќето одбранбени прашања и предмети поврзани со колективното одбранбено планирање. Тој обезбедува насоки за воените власти на НАТО и ги има истите овластувања како Советот, кога станува збор за прашања што се во негова надлежност. Исто како Советот, и Комитетот вообичаено се состанува на амбасадорско ниво, но најмалку двапати годишно на ниво на министри за одбрана. Министрите за одбрана, исто така, се состануваат редовно во рамките на Групата за нуклеарно планирање, којашто ја разгледува нуклеарната политика на Алијансата и разговара за широк спектар конкретни прашања што се однесуваат на нуклеарните сили и за прашањата поврзани со контролата и со пролиферацијата на нуклеарното оружје. Франција, која не е дел од интегрираната воена структура на НАТО, не учествува ниту во Комитетот за планирање на одбраната, ниту во Групата за нуклеарно планирање.

Пред Советот и пред Комитетот за планирање на одбраната одговорни се повеќе подредени комитети, во рамките на кои се разговара за специјализираните аспекти на политиката и кои даваат препораки за крајните одлуки. Секоја земја-членка е претставена во секој од овие комитети. Пример за ова е Политичкиот комитет, кој редовно се состанува на различни нивоа на поставеност, со цел да го посоветува Советот за главните политички прашања коишто во моментот влијаат врз политиката на Алијансата. Друг пример е Комитетот за ревизија на одбраната, кој го следи процесот на консултации што води до одлуки за нивото на воените сили кои земјите-членки ќе ги стават на располагање на интегрираната воена структура на НАТО за време на следниот период на планирање. Комитетот за инфраструктура на НАТО ги проверува предлозите за заедничко финансирање на објектите што ќе ги користат силите на НАТО. Економскиот комитет се фокусира на економските настани кои директно влијаат врз безбедносната политика. Комитетот за буџет поднесува предлози до Советот во врска со управувањето со цивилниот и со воениот буџет во кој учествуваат сите земји.

Консултациите се одвиваат по цел спектар активности на Алијансата. Конференцијата на националните директори за вооружување се состанува редовно, за да ги разгледа политичките, економските и техничките аспекти на развојот и на набавката на опрема за силите на НАТО. На полето на информациите, Комитетот на НАТО за јавна дипломатија се фокусира на активностите насочени кон подобрување на знаењето и разбирањето на НАТО и неговата политика - како во земјите на НАТО, така и во земјите-партнери. Прашањата поврзани со научните активности на Алијансата и еколошките програми ги разгледуваат Научниот комитет и Комитетот за предизвиците на современото општество. Други комитети и групи, како што се Политичко-воениот управен комитет на Партнерството за мир, помагаат во развојот и во надгледувањето на соработката со земјите-партнери.

Активностите на Алијансата коишто ги вклучуваат земјите-партнери, како што се мировните операции или Програмата на ПзМ, се разгледуваат со засегнатите влади. Се водат консултации во рамките на соодветни форуми, како што се Евроатлантскиот партнерски совет, Советот на НАТО и Русија и Комисијата на НАТО и Украина. Слично на тоа, активностите на Медитеранскиот дијалог се разгледуваат со земјите- учесници во Медитеранската група за соработка. НАТО и придава фундаментална важност на континуираната работа на овие тела. Тие обезбедуваат корисни форуми, особено во време на кризи, на кои може да се разговара за разликите и да се разменат искуства.

Воената структура на НАТО

Воената структура на НАТО ја надгледува Воениот комитет, како највисоко воено тело во Алијансата, коешто останува под политичка надлежност на Северноатлантскиот совет. Комитетот обезбедува воени совети за Алијансата. На своето највиско ниво, тој ги собира началниците на генералштабовите, но на секојдневна основа земјите-членки се претставени од своите воени претставници.

Воениот комитет, исто така, обезбедува и насоки за стратегиските команданти на НАТО. Постојат два такви команданти: имено, врховниот командант на Сојузничките сили на Европа (SACEUR), чиешто седиште – Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE) – се наоѓа во Монс, Белгија, и врховниот командант на Сојузничките сили за трансформација (SACT), со база во Норфолк, Вирџинија, САД.

SACEUR е шеф на Сојузничката команда за операции, која командува со воените сили за кои членките се согласиле да и ги стават на располагање на Алијансата. Оттука, тој е одговорен за сите операции на НАТО, без оглед на нивната локација, и има уште една напоредна функција - како командант на Европската команда на САД.

SACT има функционална улога. Како шеф на Сојузничката команда за трансформации, тој е одговорен за промовирање и за надгледување на континуираните промени во сојузничките сили и капацитети, и има уште една напоредна функција - командант за Американската команда на здружените сили.

Поделбата на обврските меѓу двата команданта претходно беше географска: со SACEUR - како шеф на НАТО операциите во Европа, и врховниот командант на Сојузничките сили на Атлантикот (SACLANT), одговорен за операциите во областа на Атлантскиот Океан. Насоката на структурата на воената команда беше предложена и одобрена на Самитот во Прага, во ноември 2002 година. Таа ја отсликуваше заложбата на НАТО да развива капацитети и да ги одржи подготвени силите потребни за операциите на кризен менаџмент, за поддршка на мирот и за хуманитарни задачи во рамките и подалеку од својата традиционална област на одговорност. Таа беше надополнета со создавањето на НАТО-силите за реакција и со иницирањето на Прашкиот ангажман на капацитети *(Види во Глава 3).*

Парламентарното собрание на НАТО

Алијансата е меѓувладина организација, при што секоја влада-членка е одговорна за својот парламент. Оттука, поддршката на целите на Алијансата од страна на демократски избраните парламентарни претставници е мошне важна. Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарен форум на земјите-членки на НАТО, кој ги обединува европските и северноамериканските законодавци да дискутираат по прашањата од заеднички интерес.

Собранието е целосно независно од Алијансата, но претставува врска меѓу националните парламенти и НАТО, која ги охрабрува владите при оформувањето на националните законодавства да ги земат предвид интересите на Алијансата. Тоа, исто така, дејствува и како постојан потсетник дека меѓувладините одлуки донесени во рамките на НАТО се, во крајна линија, зависни од политичкото спроведување на националните демократски процеси. Парламентарното собрание на НАТО одржува интензивни контакти со парламентите во земјите-партнери, чиишто претставници учествуваат во нивните дискусии и дебати.

Улогата на генералниот секретар на НАТО

Генералниот секретар го промовира и го насочува процесот на консултации и одлучување во Алијансата. Тој претседава со Северноатлантскиот совет и со другите високи комитети и има значително влијание врз процесот на одлучување. Тој може да предложи теми за дискусија и може да ја искористи својата позиција - како независен и непристрасен претседавач во водењето на дискусијата – за постигнување консензус во интерес на Алијансата во целост. Меѓутоа, генералниот секретар нема моќ самиот да носи политички одлуки и може да дејствува во име на НАТО, само до онаа мера до којашто ќе се согласат владите-членки.

Тој е, исто така, главен гласноговорник на Алијансата и е на чело на меѓународниот персонал што ја поддржува работата на земјите-членки, на различни нивоа на комитети.

Кој плаќа за НАТО?

Придонесите за буџетите на НАТО се пресметани според договорени формули за споделување на трошоците и претставуваат само мал дел од севкупните буџети за одбрана на земјите-членки на НАТО.

Со заеднички финансираните буџети се управува преку посебен цивилен и воен буџет и безбедносно инвестициска програма.

- Цивилниот буџет ги покрива оперативните трошоци на меѓународниот персонал во седиштето на НАТО; цивилните програми и активности, и трошоците за изградба, водење и за одржување на објектите, кои вклучуваат конференциски услуги за состаноците на комитетите и на работните групи.

- Воениот буџет ги покрива оперативните трошоци и трошоците за одржување на интегрираната воена структура, вклучувајќи го и Воениот комитет; меѓународниот воен персонал и блиските агенции; двете стратегиски команди; системите за команда, контрола и за информирање, агенциите за истражување, развој, набавка и логистика, и Противдесантните сили на НАТО за рано предупредување.

- Безбедносната инвестициска програма финансира инсталации и објекти што и се потребни на Алијансата, пошироко од оние што се изградени од страна на поединечни земји-членки за нивните национални безбедносни цели - на пример, комуникациски и информативни системи, радари, воени штабови, писти, цевководи за гориво, магацини, пристаништа и навигациска помош.

Овие буџети ги надгледуваат Комитетите за цивилен и воен буџет и Комитетот за инфраструктура, кои се одговорни за обезбедување на потребните средства за заеднички финансираните објекти што ги поддржуваат силите на НАТО. Висок одбор за ресурси ја надгледува политиката за заедничко воено финансирање. Секоја земја-членка е претставена во овие тела. Сите буџети на НАТО се, исто така, и предмет на надворешна контрола.

Промени и континуитет



Од денешна перспектива, НАТО многу се разликува од институцијата создадена во 1949 година. И НАТО и поширокиот свет еволуираа на начини кои основачите на НАТО не можеа ни да ги замислат. Оваа институција се разликува од онаа што ја бранеше Западна Европа четири децении, за време на Студената војна, па дури и од онаа која ја надгледуваше транзицијата на Европа по Студената војна во 1990 година. За неколку години, без сомнение, таа повторно ќе се промени, со развивање на координирана реакција на безбедносните предизвици со кои се соочуваат земјите-членки во 21 век. Навистина, со стратешките промени во животната средина, Алијансата најверојатно ќе мора да еволуира се побрзо, за да одговори на заканите против нејзините земји-членки. Меѓутоа, основните принципи на соработка во рамките на Алијансата - заедничките вредности и интереси - остануваат верни на принципите на нејзиниот основачки документ.

По терористичките напади во САД, во септември 2001 година и повикувањето на членот 5, НАТО - за првпат во својата историја - започна фундаментално преиспитување на начинот на кој функционира, со цел да одговори на заканата којашто ја наметна тероризмот. Дури и пред терористичките напади, Алијансата се заложи за крајно интензивна програма на активности, водејќи три операции на кризен менаџмент во поранешна Југославија, подготвувајќи го теренот за нови членки и за градење на уште подлабоки партнерства со земјите и со организациите во евроатлантската област и пошироко во светот. Денес, кога задачата за чување на безбедноста станува уште посложена, Алијансата е инволвирана во премногу области, така што нејзините активности не можат да се сведат во еден единствен слоган.

НАТО утре

Со натамошното проширување на Алијансата, НАТО ќе мора да ги приспособи интересите на се поголемиот број земји кои се обидуваат да дејствуваат во согласност со принципите на Алијансата. Во исто време, зоната на стабилност во Европа најверојатно ќе расте, а со тоа и можностите за економски просперитет. Навистина, со градењето на поблиски односи на Алијанстата со Русија, Украина и со другите европски земји, Европа го остави зад себе своето минато на поделби и станува се постабилен континент. Овие позитивни трендови ќе мора внимателно да се негуваат.

Иако природата на заканите со коишто се соочуваат земјите-членки и начинот на кој се организира НАТО за да се справи со нив се менува, фундаменталниот потпирач на Алијансата останува ист. НАТО обезбедува трансатлантска политичко-воена рамка за справување со безбедносните предизвици. Алијансата ги поврзува Европа и Северна Америка и балансира голем број национални интереси. Со еволурирањето на НАТО од колективен одбранбен штит во безбедносен менаџер во најширока смисла на зборот, покрај за своите интереси, НАТО подеднакво се залага и за вредностите, како што се демократијата и човековите права.



© НАТО - 2004
Фотографија: Авторски права на фотографиите во оваа публикација имаат
© НАТО и Министерството за одбрана на САД

NATO / OTAN
Public Diplomacy Division / Division Diplomatie publique
1110 Brussels / Bruxelles
Belgium / Belgique
Web site : www.nato.int
Site Web : www.otan.nato.int
E-mail / Courriel : natodoc@hq.nato.int

NATOTRAMAC0604